

Фото: babambitola.mk

# НОВА ИСКРА

**Година I - број 2** | | МАЈ - ЈУЛИ 2021 | | **© издава *Марксистичка организација „Црвени“***

## ИМПРЕСУМ

НОВА ИСКРА

*Списание за марксистичка теорија и практика во издаваштво на Марксистичката организација „Црвени“*

**Издава:**

Извршен Комитет на Марксистичката организација „Црвени“

**Контакт:**

mo.crveni.mk@gmail.com
ФБ: @novaiskra.page

075/520-508
075/629-809

http://novaiskra.mk/

# ЗА НАС

Марксистичката организација „Црвени“ е југословенска организација на работници и студенти собрани околу идеите за марксизмот. Нашата цел е да изградиме работничка партија, со комунистичка агенда за воспоставување власт на работничката класа, што го сочинува огромното мнозинство од населението на секое модерно општество. Црвените имаат два официјални билтени: списанието „Црвена критика“, на српско-хрватски, и веб-страницата „Нова искра“, на македонски. Во моментов имаме филијали во Босна и Херцеговина, Србија и Македонија.

Граѓанските теоретичари на либерална и конзервативна определба, од кои многумина беа „комунисти“ до вчера, со години нè убедуваат дека марксизмот е надминат и дека слободниот пазар нема алтернатива. Тие главно го наведуваат распаѓањето на Советскиот Сојуз и другите сталинистички држави како примери. Во реалноста, колапсот на земјите од Источниот блок и слични држави не значи дискредитирање на социјализмот, туку пропаѓање на деформираните работнички држави, банкротот на сталинистичките режими чие бирократско раководство го фалсификуваше марксизмот и идеите на Маркс, Енгелс и Ленин со цел да ја извадат моќта од рацете на работниците.

Изворните идеи и практики на комунизмот не се спротивставуваат на демократското одлучување. Напротив, комунизмот може да успее само ако произлезе од најдемократскиот облик на управување – од демократијата на работниците, демократија што почива врз моќта на работничките совети. Нашата цел е да го реафирмираме марксизмот како единствена соодветна алатка за критичен и научен пристап за објаснување и решавање на неодложните социјални проблеми. Капитализмот се покажа како непријател на човештвото и околината, во која слободите на човечките суштества се жртвуваат на слободниот пазар и кој не знае други социјални интереси освен интересите на мал број сопственици на крупниот капитал. Од секојдневниот живот јасно се заклучува дека во капитализмот, огромното мнозинство го следи само мизерија и ропство на „работодавците“ заради обичен опстанок. Нема причина секој работен човек да се согласи на такво нешто.

**ПОИНАКВО ОПШТЕСТВО Е МОЖНО И НЕОПХОДНО!**

# СОДРЖИНА

ПЕРСПЕКТИВИ ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА РЕВОЛУЦИЈА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА МАКЕДОНИЈА, СРБИЈА И БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА, 2021 4

ИСТОРИСКИОТ РЕВИЗИОНИЗАМ КАКО ИДЕОЛОШКА ПОДЛОГА НА КАПИТАЛИЗМОТ 25

ЈАВНА СОБА: ШТО НИ КАЖУВА ЗА ОПШТЕСТВОТО ВО КОЕ ЖИВЕЕМЕ? 28

ХАОСОТ НА МАКЕДОНСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ 31

КАКО ДИГИТАЛНИТЕ ВАЛУТИ БИ МОЖЕЛЕ ДА МУ ПОМОГНАТ НА ЧОВЕШТВОТО – И ЗОШТО НЕМА 36

# ПЕРСПЕКТИВИ ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА РЕВОЛУЦИЈА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА МАКЕДОНИЈА, СРБИЈА И БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА, 2021

**Глобална криза и корона вирус**.

Како што одамна Енгелс забележа, историјата познава критични конјуктури во кои неколку дена ги набиваат настаните што во останатите периоди би се растегнале за две децении. Живееме токму во такви времиња. Епидемијата ковид-19 ги заостри до крајни граници сите противречности на капитализмот на глобален план. Вирусот незапирливо се шири, земајќи човечки животи и предизвикувајќи хаос во Африка, Азија и Јужна Америка, но и во високо-развиените економии коишто своите здравствени системи ги основаат на пазарните основи како САД. Како и секогаш најсиромашните се тие кои ја плаќаат цената на незаинтересираноста и неспособноста на владејачките класи. Капитализмот по кој знае кој пат се соголува како нехуман систем што човештвото мора да го турне за да се сочува и напредува понатаму.

Темпото на економскиот колапс е запрепастувачко. Ковид-19 го девастираше светското стопанство побрзо отколку глобалната финансиска криза 2008 година. Помеѓу 20 февруари и 7 април 2020 светските берзи забележаа историски крах што означи влез во најголемата криза на растот, којашто светот ја доживеал уште од Големата депресија во триесетите години од минатиот век. Битно е да се истакне дека епидемијата не е причина на моменталната економска криза. Сите фактори што ја влечат светската економија надолу беа присутни долго пред мутирањето и ширењето на коронавирусот, но вирусот сепак ја искомплицира целата ситуација, ја забрза и продлабочи кризата. Дијалектички гледано, причината станува последица, а последицата, од друга страна , прераснува во причина.

За да се спречи инстант колапсот, владите ширум светот итно почнаа со вбризгување на пари во своите економии. За време на летото 2020 владите на земјите собрани во Г20 најавија пакети на монетарни стимулации во вредност од 10 билиони долари или 12 отсто од вкупниот општествен производ на светската економија. Ова се финансиски инјекции без преседан во историјата, но битно е да се истакне дека се работи само за кулминација на тренд што трае со години.

Глобалната криза на капитализмот 2008 година краткорочно е премостена со силување на милијарди долари државна помош во банкарските системи. Меурите предизвикани со спекулативните вложувања на банките се прелија како државни долгови. Овие најнови мерки на државна помош затоа мора да се стават во контекст на хроничната презадолженост на најмоќните светски економии. Акумулираните долгови мора да се исплатат и единствена надеж за нивна одржливост е брзото враќање на динамичниот раст. Меѓутоа, нереално е да се очекува брзо закрепнување на побарувачката и инвестиции во ситуација кога растот е негативен и покрај масивните фискални стимулации.



Извор: IMF

Клучното прашање е според тоа кому ќе се даде товарот на отплатата на долговите создадени во претходните години за кое време политичарите ширум светот ќе го спасуваат капитализмот од пропаст? Историјата нè

учи дека товарот ќе се наметне на грбот на најзагрозените: сиромашните, пензионерите, здравствено загрозените и невработените. Покрај рушењето на остатоците од социјалната држава, работничките класи ќе бидат приморани повторно да се жртвуваат преку намалување на платите и влошување на условите на работа. Ситните стопанственици веќе се во голема криза и државите најверојатно ќе ги пуштат да пропаднат во еден момент и така само ќе ја зголемат бројката на масата невработени и пауперизирани делови на населениие.

Овој масивен финансиски товар затоа ќе го ограничи маневарскиот простор на владејачките класи во економска и политичката сфера во годините, дури и во декадите што доаѓаат. Постои закана дека долговите порано или подоцна ќе предизвикаат галопирачка инфлација, намалување на инвестициите и нови кризи во низа земји. На политички план, тенденциите што веќе на дело ги гледаме, како поларизација на политичките партии на лево и десно, укинување на демократските права и мобилизација од долу, ќе постанат сè поизразени.

Ширењето на пандемијата ковид-19 и начинот на којшто владите ширум светот се справуваат со здравствената криза длабоко го разниша угледот на политичарите и државните служби. Во изминатите децении, за време на големите природни катастрофи и војни, населението на најразвиените земји имаше впечаток дека нивните политички лидери, иако можеби не ја држат ситуацијата под контрола, барем имаат некаков долгорочен план за излез од кризата. Денес довербата во политичките елити е целосно разнишана. Лидерите како Доналд Трамп, Борис Џонсон или Жаир Болсонаро претставуваат отелетворување на интелектуалната и морална деградација на сенилната буржоазија на светско ниво. Нивната ароганција, немарност и неодговорност ги направи луѓето поотворени за идејата дека е потребно радикално свртување.

## Соединети американски држави и Кина

САД и Кина, како и динамиката на економските, политичките и воени односи помеѓу нив, и понатаму се точка на потпирање на денешниот капитализам како светски систем. Врските помеѓу овие две моќни држави служат како пропелер на глобалната економија, но истовремено содржат и потенцијал за дестабилизација на релативната геополитичка стабилност од претходните децении. Ваквата кревка рамнотежа на светската економија и геополитичките односи е неодржлива на среден рок. Американската буржоазија нема мирно да гледа како Кина од година во година се јакне благодарејќи на привлекување на вишокот на капитал на глобално ниво што повеќе не наоѓа доволно профитни инвестициски можности во традиционалните империјалистички центри.

Во Америка коронавирусот избриша цела категорија прекарни работни места во услужниот сектор што спречуваа создавање на невработеност претходните години. Стапката на невработеност сега драстично расте како и смртните случаи поради коронавирусот. Тие кои ги зачуваа работните места ги ризикуваат своите животи со изложување на заразата на работа. Овој бран на отпуштања најмногу ги погоди сиромашните населби, повеќето населени со црнечко население и други етнички малцинства.

10. Убиството на афроамериканецот Џорџ Флојд од страна на полицијата беше чкрапецза масовни мобилизации на улиците на големите градови. Во позадина на протестите стои фрустрација на црното население поради полициското насилство, што се собира со децении, во спрега со неодамнешното влошување на животот. Во некои средини, како на пример Минеаполис, каде се случи и убиството, спонтаните протести добија контури на востание со окупирани делови на градот и палење на полициските станици. Тоа што е битно да се напомене е дека 29 пристаништа се затворија поради штрајковите на солидарност како што и тоа дека возачите на автобуси во некои градови одбиваа да ја превезуваат полицијата за сузбување на нередите.

Уличните мобилизации против полициската бруталност ги покажаа границите на државна репресија во ситуација кога треба да се соочат со масовно движење на обесправените, но исто така ги покажаа и јасно ограничувањата

на спонтаните протести. Спонтаното движење на народните маси е предуслов за револуција, но не е доволен фактор. Топлинската енергија на водената пареа потенцијално е застрашувачка сила што ја придвижи индустриската револуција, но нејзиниот потенцијал би бил неупотреблив без цилиндарот и концетрирње на притисокот на клипот. Во класната борба масовните мобилизации можат да се претворат во политичка победа само ако се фокусираат на политичка организација што би ги спроведувала интересите на обесправеното мнозинство. Сѐ додека не се создаде политичка партија која ќе биде независна од владејачката класа овие спонтани протести со време ќе стивнат без оглед на тоа колку храбри и одлучни се нивните актери.

. И покрај тоа што уличните протести изгубија од својата сила, неодамнешните случувања трајно ја променија свеста на работничката класа и младина во САД. Истражувањата на јавното мислење покажуваат дека социјализмот повеќе не е табу тема помеѓу американското население. Од младите луѓе 67% би гласале за претседателески кандидат кој се изјаснува како социјалист. Она што изненадува повеќе е тоа што и 30% од луѓето постари од 65 години би го сториле истото. По буднењето на надеж на милиони луѓе Берни Сандерс одлучи уште еднаш да капитулира пред естаблишментот на Демократската партија и да ја поддржи кандидатурата на Џо Бајден. Алтернативата беше да продолжи да се залага за социјализам како нешто што е неспоиво со Демократската партија и да започне со независно политичко делување. Ваквата одлука би привлекла цел еден слој на луѓе кои се радикализираа во текот на претходните месеци и години, а би послужила како основа за изградба на нова политичка партија што би се потпирала на синдикатите и народот наместо на богатите донатори.

Повторното свртување на Сандерс конвоспоставените стандарди на Демократската партија несомнено разочара многу негови следбеници, додека еден делодник подлегнаа на притисокот и пружија поддршка на Бајден како „помалото зло" во моментот кога изборот се сведува на него и Трамп. Сепак, постојат милиони луѓе чии аспирации и политички хоризонтиодат подалеку од она што го нудат демократите. Точно е дека победата на Бајден на изборите има ефект на чувство на олеснување што на соголениот реакционер како Трамп нема да му се пружи прилика својата отровна реторика да ја шири од врвот на државата во наредните четири години. Меѓутоа ова е краткотраен ефект. Наскоро можеме да очекуваме нова мобилизација на младината што се радикализираше од движењето околу Сандерс, затоа што Бајден нема да ги усвои реформските мерки коишто се предложени, како на пример здравственото осигурување за сите и зелениот нов договор, или пак да се намали инвестицијата во домашниот репресивен апарат и воените авантури во странство, а видовме дека веќе почна со бомбардирање на територијата на Сирија.


Извор: gulftoday.ae

Буржоаските коментатори во Америка веќе најавуваат дека администрацијата на Бајден нема драстично да го менува заостреният курс спрема Кина што го практикуваше Трамп. Кина и Америка се симбиотски поврзани на светскиот пазар. Кина во текот на изминатите две децении ревносно го користеше трговскиот суфицит за купување на државни обврзници на САД, што пак овозможуваше на продолжување на потрошувачката низ задолжување на американските потрошувачи и наизглед бесконечен раст на финансискиот пазар. Сепак, паралено со односот на меѓузависност, Америка и Кина остануваат лути геополитички натпреварувачи. Продолжетокот на политиката на забрана на стопанисување на кинеските компании на американскиот пазар, како и подигнување на царините и тарифите за увоз

од Кина, се заканувaат да ја повлечат светската економија во низа на протекционистички потези што наместо закрепнување можат да наметнат „трка кон дното" и директни судири помеѓу големите сили.

Кина сѐ до неодамна имаше улога на придвижувач на светксата економија. Но, сега сѐ се преврте наопаку. Кина во изминатите децении изгради импресивен сектор на преработка, меѓутоа нејзината домашна побарувачка не е доволно јака да го впие сето производство и затоа извозот останува императив за нејзиниот понатамошен развој. Проблемот е во тоа што производувачите од најразвиените економии веќе со децени ги губат пазарите и работните места дома. Трамп вешто го изгради имиџот нанекој кој ќе застане на патот на ваквиот развој на настаните. Неговиот пораз не означува крај на протекционистичките политики. Како што веќе напоменавме, Бајден нема толку лесно да се откаже од агресивната политика кон Кина, а позади Трамп стои една цела дузина на нови политичари кои се спремни да ја превземат неговата популистичка поза и така да се подигнат на политичкиот пазар. Било да се на чело демократи или републиканци, американската надворешна политика и внатрешната политика ќе стане повоинствена и повеќе автократска во наредните години.

Дури и пред моменталната криза, кинеската економија почна алармантно да се намалува во темпото. Моменталната криза ја турна преку работ. Кина во моментов премина низ пад на БДП помеѓу два квартала од 40 отсто, најголема контракција во последните 50 години. Стапката на невработеност е 5,9 отсто, најголема од кога почна да се бележи во 1990 г. Но овие цифри не се реални бидејќи не се зема предвид внатрешната миграција. Ако тоа се има на ум, не е чудно што Си Ѓинпинг се обидува да ја зацврсти својата диктаторска моќ преку рушење на протестното движење во Хонг Конг. Оваа земја очекува заострување на класните судири што ќе се одрази на цела Азија, но и светот.

Соочени со кризата што надоаѓа, капиталистите немаат избор освен да го забават развојот на производствените погони и вработувања како и да извршат притисок на ниво на платите на тие кои се вработени. Просперитетот што следеше по Втората Светска Војна беше овозможен поради масовното уништување на производните сили и произведените добра на вредности. Владејачките класи привидно се соочени со голема дилема. Тие можат да се обидат да го одржат моменталниот геополитички поредок и систем на либерална светска економска размена, со тоа заеднички да се продолжи агонијата на недоволен раст, циклични кризи и сузбивање на масовни движење што се противат на политиката на штедење. Од друга страна, поединечни големи сили можат да се свртат кон протекционизмот и извозот на кризата во атарот на своите ривали.

Овие потези сигурно ќе ја отворат вратата на воени судири и уништување од досега невидени размери. Моменталната ситуација во светот, посебно војните на Блискиот и Средниот Исток и царинските судири помеѓу САД и Кина укажуваат на подем на протекционистичките политики. Овој избор во никој случај не е ирационален или втурнување на неколку популистички политичари, како што може да изгледа на прв поглед. Напротив, потребата на империјалистичките буржоазии за понатамошна концентрација на крупниот капитал нужно ги втурнува нивните држави во паѓање на глава со протекционизмот и борба за нова поделба на светот, затоа што кризата на хиперпродукција е криза што настанува кога на империјалистичките буржоазии ќе им недостига свет, то ест кога не можат повеќе да се придржуваат до договорите за поделба на пазарот.

## Европска Унија

Протекционизмите и национализмите полека го заменуваат трендот на меѓународната соработка што го диктираше глобализацијата. Покрај трговската војна помеѓу САД и Кина на сцена подолго време е и судирот на Европа со САД, како и постојаното триење меѓу членките на Европската Унија. Опасните линии на поделба постојано се повлекуваат. Европските буржоазии веќе долго успеваа да ги стават во втор план своите себични интереси и да се обединат околу долгорочните стратешки планови. Меѓутоа,

моменталната тенденција ги влече партнерите во спротивни насоки. Главната кохезивна сила што ја држи денеска ЕУ на купче е економската супериорност на германскиот капитал, којшто преставува и корен на идниот процес на распад на ЕУ, додека послабите империјалистички играчи ќе побараат поголем удел во заедничката експлоатација на периферијата и прашањето на трговскиот дефицит меѓу водечките членки на ЕУ дополнително ќе почне да ги оптоварува нивните односи.

Епидемијата на ковид-19 даде нова, заострена форма на овие поделби. Последниот поголем судир се одигра помеѓу земјите најтешко погодени од корона вирусот, како Италија и Шпанија, и ЕУ-земјите што одбиваат да префрлат големи суми пари во заедничките напори на борба против епидемијата и совладување на кризата. Земјите како Финска, Шведска, Данска, Холандија и Австрија тврдоглаво се спротивставуваат на усвојувањето на пакетот на донации од 750 милијарди евра наменети за земјите членки најпогодени со вирусот. Овие северни држави, со мнозински социјалдемократски влади, себично бараа да се поништи помошта и да се претвори во позајмици што би се враќале.

21. По четири месеци парализа, лидерите на 27 земји членки на ЕУ конечно се договорија за тоа како ќе се носат со најдлабоката криза со која се соочува Европа по Втората Светска Војна. За да се здобие со поддршка за субвенциите и кредитите на земјите членки, пресечени се големи делови на предложениот буџет на ЕУ, а тука се вклучени средствата за финансирање на зелени индустрии, здравство и медицински истражувања во целиот блок. Ова значи дека ЕУ како организација ќе биде многу послабо опремена да се бори против двете најголеми зла со кои се соочува целиот свет во наредните седум години.

Италија беше најтешко погодена со првиот бран на вирусот со околу 35 илјади мртви граѓани. За време на првиот бран на криза оваа земја повеќе помош доби од Кина и Куба отколку од државите на унијата каде членува, со што со уште еден пример се соголува фактот дека ЕУ е формирана како сојуз на капиталистите кои ги штитат своите интееси без било каква солидарност со обичниот работен народ. Во екот на кризата од пандемијата, недовербата на Италијаните кон ЕУ се подигна на 64%, додека пред кризата беше 47%. Центарот на криза на ЕУ се помести од Грција кон Италија која е сега најслабата алка на европскиот капитализам. Потенцијалниот банкрот на Италија со себе повлекува многу потешки консеквенци отколку тој што се закануваше на Грција. Грција е релативно мала земја, додека Италија го чини 11% од вкупниот БДП на ЕУ. Италијанскиот долг од 2500 милијарди евра е доволно големпредизвик којшто потенцијално би ја повлекол надолу не само Италија, туку ќе ја расцепка ЕУ.

Начинот на кој италијанската влада се носеше со епидемијата го разбесни домашното




***Извор: Reuters straitstimes***

население. Работниците беа приморани да работат во ризични услови без соодветна заштита, а медицинските работници често работеа и 12 или 14 саати со денови без бонуси за плата. Ова беше услов за брза промена на свеста во масите. Учителите и студентите се радикализираа и се подготвија за борба. Во пролетта и летото 2020 се случија низа спонтани „диви" штрајкови без поддршка на синдикалната бирократија која и понатаму посегнува по „социјалниот дијалог" иако за него не постојат услови. Овие настани го подготвуваат теренот за експлозија на социјалното незадоволство и штрајкови какови Италија не видела од седумдесетите години на минатиот век. Излегувањето на италијанската работничка класа на улиците ќе има сериозни импликации во цела Европа.

Германија останува најбитната земја на еврозоната. Таа влезе длабоко во рецесија. Германскиот БДП падна за 2% во првата четвртина на 2020 година, а бројките за втората четвртина покажуваат понатамошен пад од 10,1%. Неодамнешниот извештај на европскиот комесар предвиде дека за време на целата 2020 година германската економија ќе се намали за 6%, додека и на крајот на 2021 година економијата ќе биде послаба од таа во 2019 г. Германија е на патот да се соочи со надлабоката криза од обединувањето, а бидејќи е извозно фокусирана, нејзиното закрепнување ќе зависи речиси потполно од продажбата на добрата на единствениот пазар на ЕУ. Растот на протекционистичките мерки во Америка и Кина само ќе ја направи ситуација уште потешка за Германија.

Со тоа се објаснуваат нејзините напори да се протурка фискалниот стимул на периферните членки на ЕУ. Германија не посегнува по нови задолжувања за да се помогне на европските граѓани во неволја туку со помошта на периферните земји се обидува да ја спаси сопствената глава. Размислувањето на германските капиталисти прецизно го пренесе Франциска Братнер од Зелената партија која кажа „ Не можеме да ја оживееме нашата економија по оваа криза кога половина од единствениот пазар не функционира", додавајќи „Ова е егзистенцијален проблем". Откако станаа сè повеќе зависни од Германија, слабите економии се заканувааат да ја повлечатнадолу со себе. Во таква ситуација, поранешната германска штедливост мораше да се фрли низ прозорец.

Уште еден фактор е улогата на Франција и нејзиниот претседател Емануел Макрон. Договорот за пакетот помош се гледа како политичка победа за Макрон кој себе се претстави не само како француски туку и европски водач и посветен бранител на измачените јужни земји внатре во ЕУ. Меѓутоа, зад овие декларации и драматични гестови стои тврдиот национален интерес. Интересно е да се спореди позицијата на Франција денес со таа за време на грчката криза во 2015 година. Таа година „социјалистот" Франсоа Оланд можеби имаше повеќе сочувство од својот германски пандан, ама на крај го поддржа газењето на грчкиот народ со мерките на штедење. Денес Макрон, самопрокламиран либерал, кој во претходните три години се обидува да ги угуши работничките права и социјалните давања за француските работнички и работници, од прв ред повикува на издавање на евро обрзници и великодушни субвенции на државите членки во неволја. Со што се објаснува оваа необична трансформација?

Јасно дека економскиот и фискалниот колапс во Италија и Шпанија, што се многу поголеми економии од Грција, мора да има оддек преку Алпите и Пиринеите.Но тоа што е поначајно е фактот дека и самата Франција стана „јужна" земја. Се предвидува дека францускиот државен долг ќе биде 115% од БДП до крајот на 2020 год, а француската економија ќе изгуби 10,5% БДП оваа година во најдобар случај, само малку помалку од Италија и Шпанија (и едната и другата ќе загубат 11%). И на самата Франција и е потребна помош.

Реформистичките левичари кои го поздравуваат овој договор како „враќање кон кејнзијанизмот", „битка за душата на Европа" или дури „Њу дил за Европа" се во потполна заблуда. Пред сè, тотално е погрешно да се прикажува како Њу дил или кејнзијанизмот е некаков бонус за работничката класа. Овие мерки капиталистите во време на криза ги имплементираа исклучиво да се го спасат

капитализмот, додека работништвото продолжи да пати во сиромаштија и невработеност. Зошто било кој на левицата би сакал да го спаси капитализмот кога тој го влече во варварство?

Понатаму, договорените мерки не се никаква трајна промена на расположението на капиталистичките влади од „неолибералните мерки на штедење" до „социјален кејнзијанизам". Наместо тоа, долгот што сега го создава ЕУ е за да се извлечат капиталистите, а на крајот ќе го плати работништвото, како што објаснивме. Ова е слично на тоа што се случи за време на кризата во 2008 година. Тогаш исто така имаше грандиозни приказни за плановите за стимулација и милијарди евра се слеваа за спас на банките во обид да се спречи потполен колапс на целиот систем. Тоа доведе до масовно зголемување на националниот долг, што по две години се претвори во масовни рестрикции и мерки на штедење во сите земји, додека капиталистите го тераа работништвото да ја плати цената за спасот на тој систем.

Последниот заплет во сагата на развојот на вакцините ја разоткри противречноста внатре во ЕУ и границите до кои капиталистичкиот пазар може да се справи со некоја криза. Појасно е дека таканареченото „европско единство" се крши штом се дојде во криза, а не беше ни поинаку и во случајот на пандемијата ковид-19. Во фазата на распределба на вакцините гледаме дека секоја позначајна држава членка се справува со овој проблем на посебен начин и ја оставаат Европската комисија како некое поштенско сандаче за нивните поединечни интереси. Речиси година дена откако СЗО ја прогласи за светска пандемијата ковид-19, Европската комисија почна да предлага европски прописи за патување на државјаните на ЕУ. За сега се преземени сите мерки на национално ниво без никакви консултации или координација помеѓу државите членки.

## Геополитичките маневри на Балканот

После распадот на СФРЈ, бившите југословенски држави на Балканот се во зоната на интерес на најголемите европски капиталистички сили собрани под знамето на ЕУ. Политичкиот живот и имагинацијата на социјалниот развој се обележани со идејата за „европеизација" скоро три децении, т.е. со следење на либералниот модел на капиталистичка трансформација што ќе ги отвори локалните држави кон европскиот капитал и ќе ги задржи како лојални сателити на ЕУ во пошироката геополитичка поделба. Ескалацијата на конфликтот меѓу империјалистичките сили на глобално ниво и фокусот на ЕУ кон внатрешните проблеми им дадоа можност на балканските владејачки класи да ги диверзифицираат своите надворешни политички сојузи.

Србија, како земја што заостанува најмногу во европските интеграции, сега најагресивно ја користи оваа тенденција кон мултиполарност во светските односи. Билетот за влез на Србија во глобалната партија за геополитички покер и обидот за баланс меѓу светските сили е Косово, т.е. неопределениот статус на оваа територија. Белград се обидува да го сврти вниманието кон себе, да се наметне како локален соработник на империјалистите и да се избори за дипломатски услуги со тоа што не може да ја реши состојбата на „замрзнатиот конфликт" без него. Зад сцената на националистичкиот кич и наводната грижа за српското малцинство во Косово лежи реал-политичкото тактизирање.

Во суштина, Белград им го нуди проблемот на Косово на Русија и Кина со години како знак во глобалната геополитичка игра на големите сили. Во последниве години, под водство на Вучиќ, Белград даде посебна изјава во оваа игра, нудејќи им ги своите услуги како „гарант на мирот и стабилноста" во регионот на разни господари. Без разлика дали станува збор за Берлин, Париз, Москва, Анкара, Пекинг или Абу Даби, Александар Вучиќ и неговата клика се подготвени да ги понудат своите услуги како сојузници за одредено време и така да се вклучат во процесот. Неодамнешниот договор со администрацијата на Трамп е одличен пример за ваква цинична пресметка.

Ваквите обиди на Белград преку дипломатски маневри да ја зголеми својата улога во регионот ги туркаат помалите буржоазии во соседството уште повеќе да се насочат кон традиционалните спонзори во ЕУ и Америка со вклучување во трката за отворање простор за

странско влијание заради заштита. Меѓутоа, во пракса, се покажува дека „добрите ученици" од училишното членство во ЕУ и интеграцијата во НАТО не се секогаш наградени за нивната сервилност.Подготвеноста на Македонија да се покори на империјалистичкиот притисок и што побрзо да се приклучи кон НАТО е добар пример.

Пристапувањето на Република Северна Македонија во пактот НАТО не играше никаква улога, како што толку силно најавуваа елитите, ниту во надминување на етничките тензии, ниту во подобрувањето на економската состојба. Утехата што владејачката коалиција Заев-Ахмети им ја нуди на народот сега е евроинтеграција, преку митот за конечно одредување датум за почеток на преговорите за евентуален пристап во ЕУ. Политичките елити во Македонија се посветени на евро-атлантските интеграции со децении и секогаш ја имаат истата приказна, поразот наводно се должи на злобната Атина, што сега е заменета со злобната Софија. Всушност, децениската блокада предводена од грчката шовинистичка офанзива сега е заменета со слична од бугарска страна.



***Извор: Еван Вичи, timesofisrael***

Соочени со горчливо искуство во преговорите со Грција и со млитавоста на Германија, т.е. позицијата на ЕУ, без заштита од каква било империјалистичка моќ, во услови на економска рецесија и зајакнување на македонскиот и албанскиот националистички опозициски блок, македонската преговарачка страна подготвува терен за уште едно национално понижување пред Бугарија. Во прашање е сега пресметката и трговијата со историска ревизија што наводно ќе овозможи пристап до многу потребните европски фондови.

Во случајот на Босна и Херцеговина, свртувањето на локалните елити кон различни империјалистички центри се рефлектира не само во соседските односи, туку и во внатрешната стабилност на државата. Бошњачките политички елити сметаат дека верноста кон евроатлантските интеграции е шанса да застанат на патот на изолационизмот на Република Српска и да го искористат меѓународниот притисок за да создадат поцентрализирана, пофункционална држава. Од друга страна, Милорад Додик е познат по својата националистичка реторика дека ја негира одржливоста на БиХ и се претставува како наводен бранител на српскиот народ од нападите од Федерацијата БиХ. Во неговото владеењенајчесто се препознава руското влијание. Меѓутоа, ако каприциозноста на режимот во Белград нè учи на нешто, тоа е дека сојузите со странски спонзори не треба да се сметаат за гарантирани.

Владеењето на Милорад Додик во Република Српска е добар пример. Една од компонентите на националистичката реторика на Додик, откако дојде на власт во 2006 година, беше лажниот антиимперијализам и русофилизмот. Но, оние со малку подолго политичко помнење се сеќаваат дека не било секогаш така. Во годините по граѓанската војна во БиХ, Додик беше либерална надеж на западниот империјализам и противтежа на националистичката Српска демократска партија. Со помош на војската на НАТО, Додик дојде на власт за кратко време во 1997 година, иако имаше само двајца заменици вопарламентот на ентитетот, благодарение на пучот извршен од Биљана Плавшиќ. Националистичкиот пресврт направен со доаѓањето на власт во 2006 година е само популистички потег и евтино политиканство, што е еден од факторите за одржување на моќта.

Камен на сопнување околу формирањето влада на ниво на БиХ за време на поголемиот дел од 2019 година беше испраќањето на Годишниот национален план (АНП) во НАТО. АНП е програма за помош, практична поддршка и консултации дизајнирана да ги подготви земјите за членство во НАТО. На крајот, Додик се согласи на компромис во рамките на Претседателството

на БиХ со потпишување на т.н. Програма за реформи што вклучува соработка со НАТО во рамките на безбедносните политики. Иако постојано објавува референдум за влез во НАТО, којшто би бил распишан во РС, и Резолуцијата на Националното собрание на РС за воена неутралност на РС, што ја следипо тоа Србија, по веста за договорот за формирање на Советот на министри, на барање на опозициските партии во РС,сепак не дојде до дискусија меѓу пратениците за усвоената програма за реформи.

Опозициските партии во РС, пред сè Српската демократска партија и Партијата за демократски напредок, го нарекоа Додик предавник, но јасно е дека станува збор за залудни напади кои служат за собирање политички поени бидејќи и двете партии на ниво на БиХ отсекогаш се залагале за патна Босна и Херцеговина кон НАТО. Српскиот национализам во Босна и Херцеговина уште еднаш се покажа како ќорсокак за босанските Срби затоа што националистите од периферијата на капитализмот не можат да бранат други интереси освен интересите на странскиот капитал и нивните странски трговски партнери од чии пари и влијание зависи нивното задржување на власт.

Илузорно е да се мисли дека може да се зависи од странски капитал и истовремено да се биде против влегување во воен сојуз што е само воен израз на зачувување на профитот и пазарите на западните компании. Од економска гледна точка, режимот на Додик не се разликува во ништо друго освен во реторика од кој било друг режим на компрадорисоздаден на урнатините на Југославија. Политизирањето и дневните политички пресметки не можат да го сокријат тој факт.

Далеку од тоа дека се празник на демократијата, изборите во капитализмот во моментов ни го покажуваат движењето на свеста и расположениeто на масите. Тоа се случи на локалните избори во БиХ во средината на ноември 2020 година. Сојузот на независни социјалдемократи (СНСД) и Партијата за демократска акција (СДА), како најсилни партии во БиХ, по долго владеење ја изгубија власта во Бања Лука односно Сараево. Што се однесува до локалните избори во РС, тие покажаа две важни работи. Прво, со најдеморализираните елементи, победите на опозицијата и Драшко Станивуковиќ за градоначалник на Бања Лука покажаа дека режимот на Додик не е недопирлив. Оваа очигледна монолитност и стабилност на режимот беше нарушена, дури и според буржоаските стандарди, од кандидат со многу ниски интелектуални и политички преференции, но со упорност во скандализирање и укажување на недостатоците на режимот што тој ги споделуваше изобилно на социјалните мрежи. Треба да се додаде дека Станивуковиќ покажа храброст (што произлегува од неговиот имотен статус затоа што е во состојба да ги плати казните) да му застане на патот на Додик како арогантен батка од Лакташи (гратче до Бања Лука) кој не се плаши од никого. Затоа овој пораз го повредува Додик не само политички затоа што го загуби најголемиот град во РС туку и лично затоа што беше поразен од „мрсулко" кого го презираше во секоја прилика. Затоа оваа победа на опозицијата има повеќе емотивна отколку



Извор: Георги Лицовски, neweurope.eu

политичка вредност за луѓето кои се противат на владеењето на СНСД и нивните коалициски сателити. Второ, опозицијата во Бања Лука се покажа како единствениот канал за изразување незадоволство од режимот што првпат се појавува во урбаните центри (СНСД освои 41 општина, претежно во периферни и рурални области) и ова е тренд што продолжува од 2018 година кога имаше парламентарни избори. Можеме да забележиме појава на побрза промена на свеста во поурбаните средини по примерот на поразот на СДА во Сараево и порано кога Орбан ја загуби Будимпешта, а Ердоган ги загуби

Истанбул и Анкара. Нешто порано, и Груевски го загуби Скопје.

Ова не може да се нарече почеток на крајот на криминалниот режим на Додик, бидејќи тој крај зависи од можноста режимот на владејачкиот тајкун во РС да се справи со здравствената и економската криза и да го одржи социјалниот мир во наредниот период и од брзината со која Станивуковиќ и опозицијата ќе биде изблamирана во текот на шефувањето во Бања Лука. Набргу по победата во Бања Лука, Станивуковиќ се претвори од либерална надеж во уште еден националистички политичар желен за власт. Неговиот националистички пресврт во реториката, изјавите за Сребреница, антифашизмот и најавата за забрана за геј-парадата во градот треба да се разгледаат низ призмата на тоа што Станивуковиќ е свесен дека не може да смета на гласовите на урбаното население и на полибералните граѓани за го победи Додик на следните парламентарни избори, но дека мора да ја прошири својата гласачка база на поконзервативни и националистички поруралните елементи кои сè уште го поддржуваат Додик. Како што можеме да видиме, работниците во РС можеа да бидат само учесници на овие избори, но не и субјекти на промена во играта помеѓу различните фракции на тајкун-политичката елита. Работниците во БиХ допрва треба да создадат политичка алатка во форма на работничка партија за да можат да бидат еднакви играчи на следните предизборни натпревари.

Како марксисти, разбираме дека домашните капиталисти (компрадори) се поврзани со странскиот империјалистички капитал на илјада разни начини и секогаш ќе му се потчинат на штета на „својот" народ, бидејќи само со взаемна помош империјалистите и нивните локални компрадори можат да продолжат да ја искористуваат работничката класа. Колку што е илузорно да се очекува дека домашната „патриотска" буржоазија нема да ја продаде „својата" нација на империјалистичката силашто највеќе нуди во прва прилика, сто пати повеќе е илузорно да се очекува империјалистичките сили дека нема да ги бранат своите инвестиции во земјите чии работници се бунтуваат против капитализмот.

Се сеќаваме само на штракањето на оружјето од страна на земјите од ЕУ против масите на Босна и Херцеговина за време на социјалнатапобуна од 2014 година, кога високиот претставник Валентин Инцко отворено се закани дека ќе испрати австриски трупи, додека британското Министерство за одбрана навистина и ги испрати по бунтот. Приклонувањето кон домашната буржоазија во судирите на локалните политички елити и очекувањето дека мнозинството од луѓето ќе имаат корист придржувајќи се кон една од раскараните империјалистички сили е ќорсокак за работничкото движење. Колку и да звучи агресивна реториката на националистичките лидери на поголемите земји од соседството, мораме да избегнеме приклонување кон империјалистичките „заштитници" поради чувството на немоќ.

Не треба да го заборавиме фактот дека услугите што ги нудат домашните буржоазии на разните империјалистички сили не се само отворање на Балканот кон апстрактни геополитички сфери на влијание туку и конкретни концесиинад земјиштето, капиталот и правото на експлоатација на домашните работни сили. Затоа ослободувањето на угнетените нации од империјализмот е можно само со ослободување на угнетените маси од капитализмот и обратно - борбата за ослободување на угнетените маси од капитализмот бара борба за ослободување на угнетените народи од империјализмот.

## Економската криза на европската периферија

Претпоставките за тоа како понатамошната интеграција во ЕУ води кон економски напредок и политичка либерализација се покажуваат како илузија. Дури и ако критикуваат некој аспект на авторитарните режими на Балканот, империјалистичките центри се првенствено заинтересирани за „стабилност", што е еуфемизам за сигурноста на оплодувањето на капиталот во регионот. По кризата на голем број ниско-продуктивни делови на западноевропските индустрии, за време на

изминатата криза, од една страна, и растот на платите во Кина и Централна и Источна Европа од друга, Балканот е нова дестинација за преместување на дел од производството.

Откако дојде на власт во Србија, Српската напредна партија (СНС) го гради својот легитимитет врз основа на митот за економскиот напредок на Србија и намалување на стапката на невработеност. „Економскиот напредок“ со кој толку многу се фали режимот на СНС е доведување приватни, претежно странски инвеститори, привлечени од огромни субвенции и даночни олеснувања и евтина работна сила, како резултат на ослабеното и дезориентираното синдикално движење. Но, напротив,приливот на странски инвестиции не се покажа како модел за развој што е во состојба да создаде доволен број работни места. Напротив, извозот на евтина работна сила во земјите од Западна и Централна Европа придонесува многу повеќе за намалување на стапката на невработеност, бидејќи покрај полошите услови за работа, вработувањето во Србија честопати бара политичка лојалност кон СНС и нејзините сателити.

Сосема е јасно дека овој модел на „развој“ е привремен и не дава резултати на




долг рок. Новиот бран на светската криза на капитализмот веќе ја зафати Србија. Тоа ќе доведе до натамошно намалување на потребата од работна сила во централните капиталистички земји, чиј крупен капитал не сака да им исплаќа на работницитеимигранти Западни плати, но се обидува да ги искористи за истата работа во нивните земји, за повеќекратно помали плати. Прашање на време е кога земјите од Европската унија ќе започнат да ги затвораат вратите не само за бегалците од Блискиот исток, туку и за економските бегалци од нашите земји. Индикациите за тоа веќе можеме да ги видиме во неодамна најавената суспензија на извозот на медицински лица од Србија во Германија. Иако српската влада официјално го иницираше раскинувањето на договорот со Германија, јасно е дека тоа немаше да го стори ако Берлин претходно не испратеше одредени сигнали.

Епидемијата КОВИД-19 особено влијаеше на слојот на мали претприемачи во услужниот сектор. Во бранот приватизација на државните и општествените претпријатија, многу работници користеа опремнини и заштеди за да отворат мали продавници и да нудат услуги од сите видови. За време на првиот и вториот бран на короната, овој слој на мали бизнисмени и работници кои вработуваат преживеаја благодарение на државните субвенции, но сепак земјите од регионот не се подготвени да одвојат поголема помош и затоа гледаме дека економиите не се затвораат во вториот и третиот нелети покрај алармантното ширење на вирусот. Уште еднаш се покажува дека профитот е поважен од човечките животи. Дури и кога државите одобруваат средства за помош на економијата, големите компании и корпорации преку своето влијание се во позиција да пренасочат поголем дел од овие пари кон себе. Една од главните последици на сегашната криза ќе биде осиромашување на средните слоеви и зајакнување на монополите на пазарот.

Помошта што ја даде владата на Заевкако инјекција за македонската економија се покажа целосно неефикасна, не само поради неказнетиот скандал за замрзнување на платите на повеќето мали и средни претпријатија, туку и поради фактот дека пакетот за финансиска поддршка

беше придружен со корупција. Македонската економија официјално влезе во рецесија, со последователен пад на БДП во текот на два квартала, со вредности од -3,3 и -14,9 проценти што доколку се анализира во контекст на општата неразвиеност на економијата е показател за сериозна криза. Зависноста на македонската економија од извозот кон западноевропскиот пазар ја прави двојно зависна од ефектите на бавниот раст во зоната на ЕУ. Падот на странските инвестиции во овој период е поголем од падот за време на војната во 2001 година.

Официјалните бројки за невработеност во Македонија не се толку лоши како во изминатите три децении, но за прв пат оваа година, невработеноста се зголемува во исто време кога активното население нагло опаѓа. Невработеноста и вработувањето на привремени договори е горлив проблем, а просечната плата не е доволна да покрие половина од синдикалната потрошувачка корпа.

Како и во другите земји од Западен Балкан, моделот за развој во Босна и Херцеговина се заснова на привлекување странски инвестиции. Ваквиот развоен модел не донесе никакво зголемување на животниот стандард на населението бидејќи услов за пристигнување на странскиот капитал беше евтината работна сила, слабоста на синдикалното движење и работничкото законодавство што не може да ја заштити работничката класа од брутална експлоатација. Домашните капиталисти, кои не можат да се натпреваруваат со европските компании, се свртени кон корупција и зделки за партнерство со целиот, или со делови од владејачкиот апарат на државата и ентитетот. Наместени тендери, особено за набавка на респиратори во БиХ (случајот со Сребрена малина) или полската болница во Република Српска се само некои од примерите што воопшто не ја изненадуваат јавноста во Босна и Херцеговина. Социјалниот мир на владејачката тајкун-политичка елита во двата ентитета го одржува преку клиентелистичка мрежа во која луѓето се вработени во државни компании, административен апарат или во приватни компании на деловни соработници блиски до властите. Дефицитите во јавните буџети и социјалните бенефиции се компензираат со договорите со ММФ и Светска банка. Најавен е нов аранжман со ММФ во износ од 750 милиони евра за ублажување на последиците од пандемијата. Новото задолжување доаѓа од веќе постоечкиот јавен долг, кој во средината на 2020 година изнесуваше над 12,2 милијарди конвертибилни марки. Учеството на јавниот долг на БиХ во БДП е 35,5%.

Економската состојба во Босна и Херцеговина дополнително се влоши со пандемијата на коронавирусот. Според Светска банка, Босна и Херцеговина очекува реалниот БДП да се намали за 3,2% како резултат на забавувањето во повеќето производни и услужни сектори и послабата побарувачка во повеќето околни земји. Во периодот од почетокот на пандемијата до крајот на септември 2020 година, над 30.000 работници останаа без работа. Најпогодени беа туризмот и услужниот сектор, со пад на клучните индикатори од 60%. Транспортниот сектор исто така претрпе пад од 30%, а индустриското производство падна за 8,2% само во првата половина на годината.

Масовнотоиселување од Босна и Херцеговина во последните години е социјален вентил за намалување на невработеноста во земјата. Според истражувањето на работната сила на Агенцијата за статистика на БиХ и Унијата за одржливо враќање и интеграција во БиХ, само во периодот од 2013 до 2019 година, 530.000 граѓани ја напуштиле земјата. За време на пандемијата, овој тренд на иселување беше запрен на неодредено време. Со стопирање на емиграцијата и ограничување на пристигнувањето на луѓе од странство или губење работа во европските земји, приливот на средства од странство е намален, што е важен фактор за потрошувачката во Босна и Херцеговина и намалување на сиромаштијата. Според податоците на Централната банка на БиХ, само во периодот од април до крајот на јуни 2020 година, дијаспората испратила 220 милиони марки помалку отколку за истиот период во 2019 година. Бидејќи крајот на пандемијата е сè уште неизвесен, а економските последици нè очекуваат во следните неколку години, економијата на Босна и Херцеговина се соочува

со сиви денови.

Мерките на вонредната состојба и социјалното растојание спречуваат појава на протестни движења на работничката класа, чиј животен стандард од ден на ден се влошува. Сепак, таквата состојба не може да трае вечно. Незадоволството кај обичните луѓе не е само од лошата економска состојба, туку и од тоа како владејачката класа се справува со здравствената криза. Ова незадоволство неизбежно ќе го најде својот израз во наредниот период, особено со падот на малите занаетчии кои се претвораат во работници и се приклучуваат на работничката класа.

Идејата за постепена реиндустријализација, зголемување на животниот стандард и подигнување на технолошката основа на локалните индустрии преку странски директни инвестиции се разоткрива како догма. Фабриките отворени од мултинационални компании генерално припаѓаат на пониските, трудово-интензивни алки на ланецот на производство и се потпираат на ниската цена на неквалификувана или полуквалификувана работна сила. Условите за работа во овие фабрики во последно време ја скандализираат јавноста кога и да излезат во медиумите. И покрај ветувањата за развој на мрежа на локални добавувачи, повеќето од овие производители увезуваат компоненти од повисоки фази на обработка и единствениот дел од вредноста што останува во локалните економии се мизерните плати. Ослободени од повеќето даноци и трошоци, станува збор за паразитски инвестиции кои преживуваат со субвенции од сервилни држави и експлоатација на домашната работна сила без премногу влијание врз целокупниот развој на локалните економии.

## Капитализмот и епидемијата

Со избувнувањето на епидемијата на КОВИД-19, борбата против капитализмот на најдиректен начин се претвори во борба за живот. Од самиот почеток на пандемијата е јасно дека капиталистичките влади не се ни спремни ни имаат волја да се сносат со пандемијата на начин кој би бил во интерес на најшироките општествени слоеви. На секој чекор работниците ширум светот добиваа дезинформации,луди ненаучни анализи и театрални милитаристички мерки кој повеќе прават паника, отколку било каков сериозен план за разбивање на заразата.

Во Србија вирусот првично беше наречен „најсмешен во историјата“. Потоа, беше изнесено лажно тврдење како биле загрозени само пензионерите и беше прогласна вондредна состојба, што за разлика од корона вирусот беше навистина најсмешна вондредна состојба во нашата историја. Имено и покрај „вонредната состојба“, приватните лица имаа можност да побараат присуство на нивните работници на работното место, без никакви обврски да им обезбедат соодветна заштита. Наместо регулатива и итни принудни мерки,Вучиќ и Брнабиќ, истураќи ја душата на малите екрани, колнејќи ги и молејќи ги капиталистите со разни „препораки“ кои немаат законска тежина. Полицискиот час е воведен без никакво објаснување за избраниот распоред.

Наместо за потребите на карантинот да се реквирираат постојните хотели, во кои веќе има место за илјадници луѓе, заразените со корона вирус почнаа да се сместуваат во салите на Белградскиот саем, со објаснување дека нема да има топла вода, но ќе има чај и пинг понг. Единственото сместување соодветно опремено за карантин што Владата го обезбеди се студентските домови-тоа е единственото сместување кое не треба да се бара, бидејќи со масовно протерување на студенти од студентските домовии нивно испраќање до местата на живеење се загрозени цели семејства и цели места! Како и во случајот со фабриките и тука владата ги потчини човечките животи под приватниот профит, дури и ја оправда својата незаинтересираност со стравот од тужби од приватните претприемачи. Со таков изговор, Владата само потврди кој управува со оваа земја и чии интереси ја водат државата кон криминална небрежност кон нејзините граѓани.

Кога стана јасно дека здравствениот систем, мерките на штедење и деиндустријализацијата на земјата го уништи онај здравствен систем што во 1972 за месец дена ефикасно ја победи последната епидемија на

сипаници во Европа и дека се ближи италјанското и шпанското сценарио, српската влада пристапи со уште потрагични мерки на полициски час и потрага кого да обвини за поопасната ситуација во земјата. Виновникот го бараа во сите, освен во оние кои го ставаат профитот пред човечките животи.

Трагикомичноста на мерките на Владата на Србијасе воочи во тоа што по бруталните мерки на полицискиот час, сите мерки се забрзано ослободени како што се приближуваше закажаниот датум за парламентарните избори. За работите да бидат полоши, иако изборите беа едни од најмрачните од падот на Милошевиќ, по тој пресврт од 180 степени, Владата имаше образ за брзо по изборите да  направи уште еден пресврт од 180 степени и да најави ново удвојување на полицискиот час. Комбинацијата од тие пресврти, катастрофалното однесување спрема пандемијата, сѐ почестите гласини за манипулирање со бројот на починати од коронавирусот, како и изборите коишто оставија горчлив вкус, резултира со мобилизација на масите против новото удвојување на полицискиот час. Владата реши да попушти под овие барање, но дури откако за првпат по 3 години масовни мобилизации се реши за физичка пресметка со демонстрантите, испраќајќи им полиција во полн интензитет.

Здравствениот систем во Македонија е водечки во регионот на поранешна Југославија како систем најдлабоко деградиран од системот на СФРЈ, со целосна приватизација на примарната здравствена заштита, со упад на странски капитал во секундарниот и терцијалниот систем, што предизвика трајно колапс на поликлиничкиот систем, државните болници и клинички центри, приватизација и дерегулација на аптеките. Македонската влада е посветена на јавно приватно партнерство во областа на итна медицинска помош и постепено напуштање на концепцијата на јавно здравје. Се разбира, капиталистичката влада гледа на превентивната здравствена заштита како товар од кој сака да се ослободи.

Затоа епидемијата влијае на нашите земји и покрај воведувањето на рестриктивни мерки иполициски час. Очигледно е дека властите се во паника поради децениската неподготвеност за кризни активности. На пример, во Скопје, наместо да се создаде специјализиран центар за лекување на пациенти со корона со промена на намената на постојната болница, се отвораат кревети во различни клиники (како што се офталмологија, дерматологија или неврологија), каде што нема персонал за да се занимава со заразни болести и каде се испраќа јасен сигнал дека пациентите со други потреби мораат да ги решаваат своите проблеми во приватните болници.

Високите стапки на смртност по глава на жител во Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора иМакедонија, како највисоки во светот, ги рефлектираат опаѓање на јавното здравство, пад на животниот стандард и неспособноста на властите и населението.

Одговорот на Владата на епидемијата на коронавирус кај двата  босанскохерцеговински ентитета не се разликуваше од оној на властите во соседните земји, пред сѐ на Србија и Хрватска. Признавајќи ја сериозноста на епидемијата во другите европски земји и свесни за ранливоста на здравствениот систем, како резултат на деценискoто неинвестирање, мерките за штедење и недостаток на медицински персонал, во почетокот на март властите на БиХ воведоа низа превентивни мерки кои ги имаа воведено земјите од соседството. Овие мерки вклучуваа ограничување на работата на малите претприемачи, ресторани и други угостителски објекти, воведување полициски час, затворање на гранични премини, ограничување на движењето и примена на други епидемиолошки мерки на отворено и во затворено. Комбинацијата на овие мерки и периодот кога шок-бранот на коронавирусот сѐ уште не пристигнаво земјата, го задржа бројот на заразени и мртви на многу ниско ниво и ширењето на инфекцијата се држеше под контрола. Но, како и на друго место, водени од капиталистичката логика на профит, големите фабрики со голем број работници не се затворени дури и во несуштинските сектори на производство. Мерките во овие фабрики беа делумно спроведени, а вирусот се шири слободно, не само во ѕидовите на фабриките, туку и надвор од нив, бидејќи работниците ја

ширеа инфекцијата меѓу семејствата.

За време на почетната фаза на епидемијата, властите пресметаа дека ќе трае кратко и дека работите ќе се вратат во нормала за неколку месеци. Бидејќи стануваше сè поизвесно дека тоа нема да се случи и дека вонредната состојба може да се продолжи на неодредено време, властите почнаа да калкулираат. Под притисок на капиталот, првенствено занаетчии од мала и угостителска дејност, кои најавија протестен собир во Сараево за укинување на мерките во текот на мај, и покрај спротивставувањето на медицинската професија, мерките и вонредната состојба постепено беа укинати. Здружението на угостители и хотелиери на РС дури и се закани на Владата на РС дека ако не им биде дозволено да работат, ќе отпуштат над 7.000 работници.

Итака кревките и презадолжени буџети на државите и ентитетите не се подготвени да го поправат ваквиот скок на невработеноста за време на епидемијата. Во време на драстични мерки, властите им исплатија на работниците во најтешко погодените сектори минимална априлска плата, а на сопственициите и малите претприемачи дополнително им помогнаа со укинување на даноците и различните давачки. Еден од факторите за укинување на мерките беше недостатокот на тестови и неорганизиран систем за следење и тестирање на контаките и сместување во карантин и домашна изолација. Ова посебно беше видливо во Федерацијата БиХ каде што се спроведуваат различни и асинхрони мерки во 11 кантони на ниво на целиот ентитет.

За време на есента властите продолжија да балансираат помеѓу економските интереси на капиталистите и здравствената заштита на населението, а бројот на болни и мртви рапидно се зголемуваше од ден на ден. Организацијата на локалните избори во средината на ноември дополнително придонесе за ширење на инфекцијата. За време на пишувањето на овој документ, бројот на потврдени случаи на коронавирус во Босна и Херцеговина е над 101 000, а бројот на смртни случаи надмина 3 300, што во моментов ја сместува Босна и Херцеговина во десетте земји со најголема стапка на смртност по глава на жител во светот. Медицинските работници предупредуваат дека болничките капацитети се исполнети, а болничкиот персонал е истоштен. Оваа состојба не дозволува третман на пациенти со други сериозни болести. Властите се обидуваат да ја задржат контролата со спроведување на делумни мерки и апелираат до индивидуалната одговорност на населението кое сè уште не вродило со плод.

Единствениот излез од оваа ситуација, каде што сите вентили на капиталистичкиот експрес лонец постепено се затвораат, е да се бориме! Време е да се бориме за квалитетот на животот и да ги собориме оние кои преку триесет години грабеж ги направија поранешните југословенски земји неспособни да се справат со каква било криза одголеми размери. И не мислиме само на членовите на владејачките партии туку на целата политичка и деловна елита, инвестициската и тајкунска владејачката класа, на сите оние кои нè дотераа да се грижиме не само за тоа што ќе се случи ако бидеме заразени од короната, туку исто така што ќе се случи ако јапреживееме! Одбраната против короната мора да прерасне во одбрана од капитализмот!

**Бегалците како изговор**

Од избувнувањето на таканаречената бегалска криза во 2015 година,ширењето хистерија кон бегалците од Блискиот Исток е едно од омилените оружја на владеачките класи за одвлекување на вниманието од вистинските социјални и економски проблеми, со кој работничката класа секојдневно се соочува, врз измислените проблеми што наводно ќе ни ги донесат бегалците. Говорат како бегалците ќе силоваат се пред себе,како ќе ниги одземат работните места (како тоа веќе да не го направија оние кои нашите фабрики ги продадоа за беспари) и слично, а сето тоа без никакво стварно покритие, освен упорното гебелсовско повторувањето на исти лаги на разните матни сајтовите што профитираат од лажните вести.

Бидејќи Балканот е транзитна област за бегалците кои се обидуваат да преминат од Турција во Западна Европа, овие мажи, жени и деца во неволја станаа жетон за поткусурување и наметнување на локалните владејачки класи на




Извор: лиценцирана фотографија - Е. М. - klix.ba

европскитекапиталистички сили. Во првите месеци од кризата, Србија играше „конструктивен" партнер, сè додека Берлин се залагаше за прием на бегалци. Насочување на репресивните тела да функционираат како „проточен бојлер", т.е. апаратот за пренасочување на бегалците по итна постапка до граничните премини со Унгарија и Хрватска беше претставен како одличен хуманитарен чин и се користеше за маркетинг цели.

Во моментот кога ЕУ одлучи да ги затвори границите и да ги претвори балканските држави во бедем и стационари за контролирање на бегалците кои успеаја да влезат, официјалната политика на Александар Вучиќ доби други тонови. Одеднаш ксенофобичните гласини и десничарските групи, кои дотогаш одвај живееја на маргините на интернетот, тргнаа да организираат протести и да парадираат по улиците. Режимот ова го искористи за да се постави како врховен редар кој ќе ги контролира„ двете страни'' и насилниците и жртвите. Засилувајќи го присуството на полицијата на улиците дури и поставувајќи војска пред бегалските кампови српската држава ја искористи бегалската криза да направи уште еден исчекор кон авторитаризам.

Република Северна Македонија ја затвори границата за бегалците, сега оставајќи околу 12 000 бегалци во кампот Идомени, којшто првично е предвиден за 2500 луѓе. Фронтекс ја надгледува македонската граница во соработка со надлежната власт во Македонија иако државата не потпишала званичен договор, што укажува дека локалната власт не е суверена и пред нов бран на бегалци не би се воздржала да ја изврши валканата работа на европските

земји и да биде уште една бариера што би ја „заштитила Европа“.

Еден од патовите за премин на бегалците во Европа е Босна и Херцеговина која не остана имуна на ксенофобијата. По затворањето на хрватските гранични премини за бегалците, балканската рута на бегалците се пренасочи преку БиХ, посебно за мажите без фамилии кои можат да преживеат тежок пат и нехумани услови. Локалните ксенофоби тврдат како сите тие биле терористи кои прават неред. Меѓутоа, факт е дека многу мал број бегалци извршуваат прекршоци кои може да се класифицираат како потег на очајник кој бара храна и покрив над главата.

Главниот виновник за незгрижувањето на бегалците е босанскохерцеговинската тајкунска-политичка елита што не успеа да се организира за прашањето за прием на овие луѓе. Голем број кампови немаат услови за живот, а сега кампoвите и се затвараат. Бегалците се оставени сами на себе да преживуваат во напуштени објекти,улици,шуми, во шатори, а некој од нив влегуваат во празни викендици и околни објекти како би се заштитиле од зимата. БиХ медиуми активностите на проблематичните поединци, кои ги има секаде, ги окарактеризираа како активности на сите мигранти,а во тоа помогна и случајот со убиството во Сараево кое наводно го извршил мигрант. Ваквиот тип на генерализација не постои по прашањето за домашното население. Дејтонската државна структура исто така спречува згрижување на бегалците затоа што режимот на Додик во РС одбива да направи било каков приватен камп, а бегалското прашање го користи за одвлекување на вниманието за социјалните теми кон наводни терористички закани.

Јасно е дека локалните власти ја користат несреќата на бегалците како и што ја користат корона кризата за да ги зајакнат средствата за гола репресија која во иднина ќе се користи врз домашното население. Зголемените вложувања во полициската опрема, зголемување на бројот на припадниците во органите за репресија и проширувањето на нивните овластувања се општ тренд во југословенските простори. Овој тренд не вклучува само официјални органи на државното насилство туку и „увоз“ на полициска испомош од империјалистичките земји(како Турција и Кина, во случајот на Србија  и Хрватска), како и толерирање на десни екстремистички паравојски и неформални групи насилници ( за кои моментално најистакнати примери се Словенија и Србија).

**Парламентарната левица**

Со избивање на светската криза на капитализмот во 2008 година, општествените движења, дел од политизираната младина и невладиниот сектор во својата реторика вртат се повеќе во лево, фаќајќи го бранот на антикапиталистичко расположение, кое зема замав во централните капиталистички земји, помеѓу другото користејќи го присуството на фондации како Роза Луксембург Штифтунг. На уметничката сцена и помеѓу студентите на хуманистички науки во меѓувреме се рашири кокетирање со леви теории од универзитетско милје и ново вреднување на југословенскиот модернизам. Ова се процеси кои во сличен облик можеме да ги видиме во сите поголеми градови од поранешните југословенски републики. Во изминатите 10 години сведоци сме и на првите општествени движења кои експлицитно усвоија елементи на критика на неолиберализмот и мерките на штедење, како студентските борби против цената на партиципацијата за студирање, работничките протести против приватизации или локалните движења за заштита на јавните добра.

Во текот на 2019 и 2020 година политичките партии произлезени од овие милјеа успеаа да влезат во парламентите на Хрватска и Македонија (Можеме и Левица). Ако ја земеме предвид и словенечката партија Левица, која е дел од парламентот во оваа држава веќе во два состави, доаѓаме до заклучок дека во парламентите на три поранешни југословенски републики се застапени политички сили кои се претставуваат како лево од социјалдемократијата. Овие изборни успеси без сомнеж ќе бидат пример за активистите во соседните држави. Во Србија Партијата на радикалната левица се формира како оддек од овие случувања и без сомнеж ќе се обиде да копира некои од тактиките веќе видени

во Словенија, Хрватска и Македонија.

Главното упориште и гласачка база на словенечката Левица, Можеме и слични проекти е добро образовани луѓе од урбаните средини. Политичката програма на овие организации не покажува ориентација кон проширување



Извор: index.hr

кон работничката класа и другите слоеви на населението преку теренска работа. Сите индиции говорат во прилог на тоа дека тие остануваат фокусирани на работа во парламентот и професионализација како чисто електорални партии, со повремен НГО активизам.

Поради својата примарна ориентација кон средната класа чија поддршка воопшто не сакаат да ја загубат, овие организации одбиваат поблиску политички да се профилираат и наместо тоа се обидуваат да се претставаат како широки „леви“ платформи. „Левица“ денес може да значи разни работи и опфаќа цела палета на политички опции кои се до таа мера различни што е бесмислено да се зборува за партија која по својата ориентација е само „левица“.

Хрватската зелено-лева коалиција на чело со Можеме на пример, избегнуваидеолошки-класно да се позиционира и централниот општествен судир помеѓу трудот и капиталот настојува да го заобиколи со повикување на борба за „јавен интерес“ „зголемување на општествената еднаквост“ и разни мерки за прераспределба во рамки на постоечкото граѓанско општество. Меѓутоа, со тоа јасно ја изразува својата идеолошка позиција на класен компромис и реформизам. Интерпретацијата на историските случувања во регионот како што е националното прашање или распадот на Југославија се избегнуваат, а овие теми се гледаат како терен на кој само десницата може да профитира. Нивната програма се фокусира на политики како еколошки иницијативи, нови програми за изградба на станови, директно демократско одлучување во локалните заедници, како и реформа на Европската Унија во соработка со слични зелено-леви партии од Европа. Можеме не е традиционална класно базирана реформистичка партија која се обидува да се вкорени со промена на односите на силите во поширокото општество, туку платформа на активисти која нуди стручни зелени политики кои нема да го отуѓат поширокото гласачко тело.

Раководството на словенечката Левица веќе претрпе жестоки критики од своите редови заради потполното насочување на силите во парламентарната политика и прекинувањето на врските со општествените движења. Во Хрватска, парламентарците од Можеме имаа несогласување уште на првото церемонијално гласање, а Катарина Пејовиќ, тогаш единствената пратеничка од коалицијата со анти-капиталистички став, одби да гласа за екстремно десниот кандидат додека нејзините коалициски колеги останаа воздржани во координација со останатите партии во парламентот со цел влез во преферираните парламентарни работни групи. Во меѓувреме од заедничките коалициски парламентарни клубови во Парламентот и од градскиот парламент во Загреб се исфрлени членовите на Радничка Фронта. Спорот настана околу поддршката за коалицијата на СДП на локалните избори во Риека. Ваков расплет најавувавме веднаш после изборите со тврдењето дека зелено-левата коалиција нема да трпи во своите редови никаква порадикална и социјалистичка опција.

Иако номинално се залага за социјализам, Радничка Фронта во изминатите години се покажа како партија склона кон електорален опортунизам, повлекувајќи се пред зелените

реформисти па тагување после исфрлањето од коалицијата. Иако на претседателските избори во зимата 2019 година излегоа заедно со СРП кој теренски им помогна при собирањето на потписи, во пролетните договори пред парламентарните избори 2020 година, го прифатија барањето на Можеме и го отфрлија СРП поради влез во зелено-левата коалиција и посакуваното место во парламентот. Водечка партија во коалицијата беше Можеме до таа мера што медиумите цела коалиција ја викаа Можеме, а после исфрлањето од парламентарниот и градскиот клуб, членовите и членките на Радничка фронта се обидуваа на сите начини да го молат Можеме да ги прими назад поради толку истакнуваното „единство на левицата". Самото парламентарно делување на Катарина Пејовиќ секако има позитивни страни, но сега е веќе јасно дека електорализмот ја окупира Радничка фронта. Азанимавањето со националното прашање по пат на конкретно одредување кон југословенскиот социјализам на Радничка фронта му е туѓо во еднаква мера како и на Можеме!

Еден од основните проблеми на овие политички формации на просторот на Југославија, освен немање на јасно позиционирана политичка програма, е тоа што не успеаа да изградат доволно силни партиски апарати и демократски структури кои би ги контролирале претставниците кои ги пуштаат во парламент. Иницијалниот електорален успех на овие леви формации се базира на нивната флексибилна еклектичка популистичка програма која овозможува гласови од незадоволните работни луѓе и од младината. Понатаму, како партии со релативно малку кадри и активисти, парламентарната работа често ја впива цела нивна сила и така ги спречува да ги развиваат другите полиња за работа. Од почетното тврдење како ќе го искористат парламентот за понатамошен развој и зајакнување, испаѓа дека парламентарните кулоари се мочуриште во кое се заглавуваат и прераснуваат во чисто електорални машини без допир со масите и без присуство на работните места, штрајковите, протестите и во општествените движења.

Во балкански контекст, најочигледната потенцијална замка за работничкото движење е двоумењетојаснодасеопределиконнационалното прашање. Во случајот на македонската Левица гледаме дека опортунизмот кон национализмот може да води во крајна дегенерација и појава на шовинистички тенденции. Конкретни знаци на опортунизам во македонската партија Левица се покажаа во контекстот на империјалистичките притисоци Македонија што побрзо да пристапи во НАТО пактот. Во склоп на тоа се појави промената на името на државата како политичко барање на странскиот фактор кон домашните слуги.

За време на расправите во раководството на Левица, околу реагирањето на овие притисоци, се појавија две струи. Едната струја, која сметаше дека националното прашање треба да се третира низ комунистичка перспектива, фокусирајќи се на улогата на империјализмот и одбрана на правото на самоопределување без правење на непринципиелни и штетни сојузи со националистичките сили и „здравите десничари". Комунистичката струја, во која беа и членовите на МО Црвени, сметаше дека Левица мора бескомпромисно да се држи до изворните принципи на социјализмот, изразени во партиската програма и Статутот.

Другата струја беше кликата собрана околу Димитар Апасиев која сметаше дека треба да се кокетира со национализмот „заради спречување на влезот во НАТО". Оваа струја стоеше на макијавелистички позиции и тврдеше дека во македонскиот национализам постои „прогресивен потенцијал", дека тоа е „одбранбен национализам" и дека треба „по секоја цена да се одбрани името затоа што сме антиимперијалисти" и струја која не спречуваше да се создаде отворен сојуз со десничарски клерикални групи и организации.

Од моментот кога групата околу Димитар Апасиев ја презеде Левица со бирократски методи, започнаа процес на тотална промена на ликот и суштината на партијата, како и основите на кои истата почива и беше создадена. Левица стана псевдопартија која е обичен додаток на македонскиот буржоаски плурализам. Опасно е што партијата на големо користи социјалистичка фразеологија и академски речник, како би ја прикриле својата дегенерација и преобразба

во чиста спротивност од она што многу искрени борци сакаа да го направат во изминатите години.

Станува се појасно дека Левица е партија која капитулираше пред буржоаската идеологија. Всушност, партијата се претставува како „младинска партија“ и „младинско движење“ наспроти „мувлосаните“ работнички партии. Кои идеи ги брани „младинската партија“? Чии класни интереси ги штити и на кои социјални групи се обраќа? Дали е доволно да се биде „перспективен млад човек“ за да се гради новата популистичка левица? Нормално дека на овие прашања нема адекватни одговори, затоа што на ловците во матно им одговара работите да останат нејасни. Јасно е дистанцирањето од класната политика и градење на сојузи со работничката класа и нејзините синдикални организации.

За работниците нема повеќе место во новата популистичка левица. Две универзални одлики на политиката на оваа „младинска левица“ според зборовите на нејзиниот лидер би биле „обраќање кон плебсот“ и „антиелитизам“. Повторно, се избегнува јасна поврзаност со работничката класа и борбата за социјализам и се жонглира со општи и апстрактни поими. Антиелитизмот е концепт кој е чест во рамки на десницата, во намера да го исчистат образот и да направат дистинкција од „либералниот естаблишент“ и да се претстават себеси како некаква алтернатива. Доста симптоматично, во овој случај елитизмот се поврзува само со владеачката партија СДСМ која несомнено е претставник на интересите на капиталистичката класа, што има своја употребна вредност во дневнополитичките пресметки.

Она што е најскандалозно е одредувањето на политичките непријатели на новата популистичка левица. Тоа се „анационалниот северномакедонски Социјалдемократски сојуз..... многу опасниот и милитантен великоалбански националшовинизам“. Секако, дежурниот непријател се Албанците, кои се „носители на великоалбанскиот шовинизам“. Но претседателот на партијата Левица премолчи дека Албанците во реалноста не бараат отцепување, туку покажаа солидарност со македонскиот референдумот 2018 година, пркосејќи на сите албански националистички партии. Тоа беше јасен знак на класен расцеп во албанската популација, што само идеолошки заслепените македонски шовинисти можат да го игнорираат.

Во Србија Социјалдемократската унија се преименува во Партија на радикалната левица, која доминантно собира левичарска младина која не се определи за зачленување во ниедна од веќе постоечките левичарски организации. Еден од иницијалните предлози за новото име на партијата беше Работничка Партија, но поради внатрешните несогласувања за тоа во којанасока треба да оди оваа партија, сепак се одлучи за едно вакво „компромисно“ решение. Гледајќи ја шарената и апстрактна програма на партијата очигледно е дека постојат различни струи кои се судираат во врска со понатамошниот курс на организацијата. Имајќи предвид дека помеѓу нивните членови постојат активисти искусни во организирање, па макар и на популистички основи, не е исклучена можноста од оваа партија да настане помасовна и повлијателна политичка опција. Иако партијата покренува и се вклучува во разни иницијативи врзани за класната борба, тоа главно се сведува на агитација без конкретна содржина. Голиот активизам и недостатокот на изградба на кадри претставуваат сериозна пречка на патот кон омасовувањето.

Она што ги издвојува овие „леви“ партии од останатите електорални проекти е пред сé нивната „стилизација“, а не вкоренетоста во работничката класа или јасната борбена програма кои би му помогнале на истата да извојува конкретни победи. И покрај пробивот во парламентот тие остануваат мали и бирократизирани псевдопартии под контрола на тесен број на луѓе. Мимикриското и маркетиншко користење на работничката иконографија и терминологија која изгледа како социјалистичка, без поврзување и активирање на работничката база, уште сега ги води тие партии во слепа улица. Задачата на комунистите би била да им понудат на дел од активистите и симпатизерите револуционерни заклучоци и нови перспективи за работа и организирање.

Како и во другите капиталистички држави, досегашниот тек на пандемијата на Балканот јасно

ја покажа целосната неспособност и небрежност на владеачките политички елити по прашањето за одбрана на животните интереси на работните луѓе, најшироките слоеви и ранливите групи. Во неброени случаи, нашите животи и здравје се жртвувани пред олтарот на профитот, како што и пред пандемијата јавните здравствени системи беа исцрпени од повеќегодишни политики на мерки на штедење. Со оглед на тоа дека пандемијата само дополнително ја продлабочува и заострува економската криза, нема причина да се верува дека владеачките класи го кажале својот последен збор за префрлање на товарот на целата криза врз грбот на работните луѓе. Оние кои држат натрупано богатство и несметано заработуваат во текот на пандемијата сигурно немаат намера да придонесат во санација на кризата. Затоа, во периодот кој е пред нас сосема е реално да се очекува обид за намалување на постоечките работнички права, законски измени, приватизации и други отстапки кон капиталот, како и раст на невработеноста, пауперизација и материјална беда на периферијата на капитализмот.

Политичкото делување и интересите на Црвени се неоддeливи од интересите на целата работничка класа во сите периоди и циклуси на капитализмот, па така и во овој. Како организација која моментално делува во пет републики на југословенскиот простор, Црвени во секоја од тие републики внимателно ќе ги следи и поддржува сите работничко-синдикални активности и случувања како штрајкови, апели и иницијативи, ќе ги шири своите идеи и ќе се поврзува со сите борбени синдикати, борејќи се за поголеми права и плати на здравствените работници и работнички како некои кои на првата линија го носат товарот на целата пандемија, ќе се вклучуваат во општествените протести, во кои сигурно ќе има наплив на разни малограѓански, десничарски и антиваксерски групи чија класна анатомија вреди да серазоткрие. Да не дозволиме капиталот и овојпат да се провлече со помош на таквите елементи, туку да ја насочиме народната енергија и бес кон главниот виновник.

Во такви конфузни околности многу е важно формирање на јасно дефинирано јадро на активисти со одлучна програма за социјалистичка трансформација на општеството во овој дел од Балканот. Ова јадро треба да се подготвува за важна улога во идните случувања и за тоа дека ќе биде орган на колективната меморија на класната борба. Задачата на секој искрен социјалист, комунист е тоа да го препознае и да се бори за изградба на масовна револуционерна работничка партијасо јасни идеи. За разлика од претходно споменатите парламентарни и вонпарламентарни партии кои делуваат исклучиво во димензии на своите национални држави чие постоење не го доведуваат во прашање, Марксистичката организација Црвени почива на принципите на пролетерскиот интернационализам. Тоа значи дека уште сега гради база на целиот југословенски простор, со свест за пролетерскиот интернационализам како единствена исправна политика за решавање на економските оскудации, но и на затегнатите национални односи кои ги потенцираат владеачките елити и нивните помагачи. Пролетерскиот интернационализам за нас е средство за еманципација на работните луѓе од националните буржоаски држави, како и темел за идната меѓусебна размена и заеднички развој во состав на самоуправните демократски држави и сојузи. Затоа се тие држави наша цел како инструмент за власта на работните народи на Балканот, по пат на кои тие единствено и можат да ги отстварат своите материјални интереси и добробит. Подготвена за сите пречки на патот до таа цел, МО Црвени е посветена на трпелива изградба на таква организација која ќе биде во можност да ги укине капиталистичките општествени односи на Балканот и пошироко.

## ПРИДРУЖЕТЕ НИ СЕ ВО ТАА БОРБА!



***Конгрес на МО „Црвени„***

## ИСТОРИСКИОТ РЕВИЗИОНИЗАМ КАКО ИДЕОЛОШКА ПОДЛОГА НА КАПИТАЛИЗМОТ

*Согласно една стандардна дефиниција историскиот ревизионизам претставува реинтерпретација на ортодоксните толкувања на доказите, мотивите и процесот на одлучување кои опфаќаат поединечни историски настани или периоди. Ревизионист би бил човек кој смета дека интерпретацијата на историските настани или периоди која е општо прифатена од повеќе релевантни истражувачи, треба да биде променета – од овие или оние причини. На прв поглед, преиспитувањето на одредени наративи не нужно мора да значи нешто негативно бидејќи одредени работи и треба да се преиспитуваат – особено бидејќи во денешно имаме достапност до најразлични извори. Но сепак, клучно е да се постави прашањето – во чиј интерес е ревизионизмот и преиспитувањето и кои општествени и политички струи стојат позади истиот?*

**Ревизионизмот е пред сé класно прашање!**

Како марксисти, наш примарен фокус е односот на силите во класната борба и интересот на работничката класа кој се бориме политички да биде артикулиран. Во овој контекст, треба да сме свесни дека промените во економските и производни односи пред 30 години со себе донесоа и промени на многу други полиња, а со тоа и промени во односот и толкувањето на историјата. Новата капиталистичка класа имаше потреба да создаде стабилна почва за своето владеење и непречено оплодување на капиталот. Класната борба покрај на полето на економијата, се одвива и на полето на идеите, се одвива преку репродуцирање на одредени наративи и тези, дури и во секојдневниот говор. Поради ова, капиталистичката класа за да го легитимира своето владеење, мораше да создаде свои толкувања, свои наративи, свои непроменливи „историски вистини". Нејзината главна цел е беспоштедна пресметка со социјалистичките идеи и социјалистичкото минато, затоа што тој опасен „дух на минатото" – социјализмот е секогаш закана за привилегиите на владеачката класа.

Ова станува релевантно особено во контекст на сé поголемо незадоволство од постоечкиот систем на глобално ниво и потрага по алтернативи на истиот. Легитимитетот е многу битен елемент за мирно и стабилно владеење и општествена репродукција, па затоа е потребно да се дискредитира секоја најмала помисла на изградба на ново и похумано општество од постоечкото. Секако, во последна инстанца и во ситуација кога сите маски би паднале и класниот интерес на капиталистите ќе е сериозно загрозен, во одржување на системот ќе се примене гола сила преку апаратот за принуда. Но, ова е крајна и непосакувана ситуација кога на располагање стојат други посуптилни механизми.Оттука, минатото и неговото толкување има важна политичка функција затоа што ја обликува културата на сеќавање и системот на вредности. Познавањето и толкувањето на минатото покрај својата академска и научна функција, има и функција на легитимирање на современото делување, што на истото му дава секојдневна и практична примена. Затоа, толкувањето на минатото во денешниот општествено-економски систем и денешните околности, служи за да се раскинат сите врски со социјалистичкото минато и да се турни во заборав еманципаторскиот потенцијал кој го има во дел од нашата историја.

**Форми и методи на ревизионизам**

Историскиот ревизионизам како таков користи неколку методи: отворено фалсификување, релативизирање, и реинтерпретација на историските настани (отворена или прикриена). Отвореното


Извор: DW

фалсификување е најлесно препознатлив метод на историски ревизионизам, што не е случај со релативизирањето и реинтерпретацијата кои се многу посуптилни методи и со тоа потешко видливи. Кога зборуваме за релативизирање, не можеме да не се потсетиме на еден настан од поблиското минато кој е подложен на разни „креативни интерпретации". Имено, процесот на растурање на општествената сопственост(приватизација) беше нешто кое значеше губење на работни места, рушење на стандардот и квалитет на живот на стотици илјади луѓе и беше нужен предуслов за да се изврши преминот кон капиталистичко стопанство. Но сепак, и покрај тоа што приватизацијата значеше растурање на она што генерации на работни луѓе го создавале, апологетите на капитализмот зборуваат за „прилагодување на современите текови" и „реструктуирање на загубарите" затоа што фабриките работеле „неефикасно и нерентабилно" и „морале да бидат продадени". На овој пример гледаме како за ист настан може да постојат сосема различни толкувања и наративи, во зависност од класната позадина на оној кој го толкува настанот.

Историскиот ревизионизам може да се појави во повеќе форми и облици: академски и научен историски ревизионизам преку кој се врши директна интервенција во историографската наука со поткопување на научното знаење. Овој вид на ревизионизам дава поткрепа и легитимитет за сите останати видови на историски ревизионизам и во крајна линија влијае на прекројување на државните образовни политики и менување на наставните програми за најмладите во согласност со „новите текови". Правен историски ревизионизам, кој во поранешните социјалистички држави се спроведува преку рехабилитација на спорни личности кои биле судени после Втората светска војна што има за цел легитимација на носителите на националистички/шовинистички политики и „исправање на историјата". Во нашето општество правниот историски ревизионизам се согледува преку носењето на т.н. Закон за лустрација од претходната владеачка гарнитура и формирање на Комисија за лустрација, што е ништо друго освен лов на вештерки со главна цел потполна дискредитација на претходниот систем. Преку медиумите, литературата и уметноста воопшто, исто така може да се создава една „вистинска слика за минатото" особено во време на брза и лесна продукција на содржини кои многу лесно го наоѓаат патот до масовната публика.

Во овој контекст, мораме да ги споменеме и одлуките на локалните власти за промена на имиња на улици кои носат називи на народни херои од НОБ или во себе содржат било какви елементи на социјализмот воопшто со нови и „подобни" имиња кои најчесто го јачаат национализмот и десничарскиот сентимент. Колку и ова да изгледа симболичко и неважно, во својата суштина е важна интервенција затоа што тежнее да ја промени свеста кај населението (кај дел и ќе успее) и да наметне нови симболи на идентификација. Ваквите одлуки се во корелација со поголеми државни политики и претставуваат одраз на политичката клима која

е наметната од одредена владејачка гарнитура. Во крајна линија, овие политики и практични одлуки поттикнуваат и активно уништување и вандализирањена споменици и спомен обележја од НОБ и социјалистичката револуција и најчесто сторителите на ваквите „подвизи" останувaат несанкционирани со што се врши интервенција во јавниот простор и одредени структури се охрабрени да продолжат да делуваат во ревизија на историјата и на такво улично ниво.

**Историскиот ревизионизам и спорот со Бугарија**

Она што ги разбуди духовите од минатото во Македонија е дефинитивно ветото за продолжување на преговорите за членство на Македонија во ЕУ што беше доживеано како национален пораз во Македонија. Тоа во секој случај е одраз на бугарската државна шовинистичка политика, која притиска да се изврши историски ревизионизам, се со цел слабата бугарска буржоазија да ја зацврсти својата регионална положба преку негирање на фашистичкита природа на бугарската држава од четириесетите години на минатиот век и нејзиното соучешништво во Холокаустот. Антикомунизмот на официјалната бугарска политика е до толку силен, а со одобрување и на ЕУ-бирократите, што сака да ги подрие темелите на македонската нација и демократското право на самоопределување за создавање на посебна држава што е производ на антифашизмот, НОБ и социјалистичката револуција!

Зад пропагандата и агресивната политика на Република Бугарија се кријат и внатрешни мотиви за одржување на кревката власт преку познатиот рецепт за јакнење на национализмот со шовинистички изјави и акции.

Поважно, македонската владејачка класа и по ова прашање ја покажува својата неспособност и заглибеност во ЕУ фундаментализмот што е издигнат на ниво на религија. Во отсуство на вистински решенија за проблемите што ги мачат обичните луѓе, со децении се продуцираат митови и нереални очекувања за ЕУ праведноста, ЕУ солидарноста и ЕУ демократичноста, коишто одново ја покажуваат својата спротивност. Македонија е земја на периферијата на капитализмот и таа нејзина положба нема да се промени дури и со зачленување во ЕУ. Самиот Договор за пријателство и добрососедство со Бугарија од 2017 година треба да се разгледува од класна перспектива и во суштина е обид за посериозен влез на бугарски капитал во Македонија без оглед на сите флоскули кои се користат тоа да го маскираат.

Во секој случај, марксистите и комунистите имаат задача да се спротистават на силното анти-бугарско расположение во режија на некои домашни националистички кругови! „Националниот интерес" на Бугарија е само интерес на нејзината капиталистичка класа, којашто се соочува со потреси и нестабилност. Наш непријател не е и не може да биде бугарскиот работник кој исто така е подјармен од политиките на „неговите" властодршци! Бугарскиот работник нема непријател во македонскиот, туку сојузник во борбата против бугарските газди и нивната националистичка политика, како и против западните газди, како што бугарскиот работник му е сојузник на македонскиот во борбата против македонските и западните газди. Историјата нé учи дека само со препознавање на заедничкиот класен интерес и препознавање на вистинскиот непријател, заедно ќе можеме да се избориме за иднина во која ќе нема место за вакви поделби и омраза. Вистинската природа на историскиот ревизионизам е таква што секогаш се става во служба на владејачките елити и работи на штета на огромното мнозинство од народот.

Поради сé погоре наведено, ние на историскиот ревизионизам не можеме да гледаме како на еден неутрален научен феномен – кој може да биде и позитивен и негативен туку мораме да го ставиме во поширок економски и политички контекст и на целта на која истиот служи. Како марксисти, мораме жестоко и одлучно да настапиме против историскиот ревизионизам како феномен кој има за цел нормализирање на капиталистичките односи и наметнување на капиталистичка идеологија и поглед на нештата.

*април 2021, Д.Л.*

## ЈАВНА СОБА: ШТО НИ КАЖУВА ЗА ОПШТЕСТВОТО ВО КОЕ ЖИВЕЕМЕ?

По скоро година дена откако беше исклучена групата "Јавна соба" на "Телеграм", нејзиното постоење повторно ја разбранува јавноста. Овај пат јавноста разбра од сведоштва на жртвите за повторното постоење на истата група . Во оваа група членовите споделуваа експлицитни фотографии на девојки заедно со нивните лични податоци. Жртвите зборуваа за јавното објавување на нивните фотографии, но и за сексуалното вознемирување проследено со постојано јавување по телефони, што им го отежнува секојдневниот живот во секој аспект.

И покрај притисокот од јавноста, надлежините институции не сторија речиси ништо. Освен приведување на неколку членови и администратори до денес нема казна за ниту еден од нив. Ваквото непостапување на надлежните органи во сузбивањето на сексуалното вознемирување и насилството остава простор за сексуални злоупотреби на жени, па овие групи ги има, ги имало и за жал уште долго ќе ги има.

Јавното обзнанување на првата, но поготово на втората група "Јавна соба" не носи во сржта на проблемот за угнетувачкиот однос врз жените. Со настанувањето на моногамното семејство како институција за задржување на приватната сопственост односно пренесување на наследството по машка линија, започнува угнетувањето и поробувањето на жената. За да биде осигуран наследник во крвно сродство на мажот, сексуалноста на жената се става под контрола на мажот, доколку жената одлучи да биде со повеќе мажи и не ги исполнува нормите на "моралноста" таа станува распуштеница, односно „неморална" и „недостојна" жена која општествено мора да биде санкционирана со цел непречено одржување на приватната сопственост која треба да ја репродуцира акумулацијата на вишокот кој едно општество го создава. Во ваквите наметнати норми на однесување, жената се става во сопственост на мажот па таа се третира како предмет за репродукција. Поделбата на трудот врз полова основа поради врзаноста на жената за одгледувањето на децата ја поробува жената во домот, ја врзува за грижата за потомството и со тоа создава специфични односи и улоги во семејството, врз таа основа настануваат и родовите улоги како и третманот на сите досегашни општествени системи кон жената.

Искористуваќи ја ваквата поделба на



трудот, моногамното семејство како институција и општествена единица, ја става жената во позиција на роб, а мажот како нејзин поседник. Идеите дека семејсвото е „свето“ и дека жената треба да биде послушна, потчинета, нежна, внимателна, достојна и морална, или со еден збор покорна на мажот и семејството не се ништо друго туку само идеализација на капиталистичкото општество како систем и неговите сопственички односи, со цел да се зацврстат основите на тој систем создавајќи идеолошко поимање на односите и положбата на жената. Овие односи не се преиспитуваат, сексизмот е еден од нив, затоа што системот има потреба од таквата идеализација и создавање на идеологија која непречено ќе го одржува. Идеологијата во овој систем се состои од сите предрасуди за жените, тие предрасуди произлегуваат од односите на овој систем. Овие предрасуди стануваат вообичаено поимање на односите, тие како да се зададени, непроменливи. Општеството не ги преиспитува затоа што преиспитувањето на односите на експлоатација и угнетување го доведуваат во прашање самиот систем. Идејата дека мажот има право да ја поседува жената и да ја угнетува е сврзана со идејата за посед, за сопственост и можност за експлоатација.

Сексизмот е дел од идеологијата на сите класни општества до сега, па така и на капитализмот. Државата како алатка за одржување на доминацијата на капиталистичката класа има функција да ја одржи нејзината доминација, а со тоа и угнетувањето на жената. Затоа државата во случајот со “Јавна соба”, како и во било кој случај на сексуална злоупотреба, вознемирување и силување не ги вложува потребните напори за разрешување, ги остава далеку од јавното,во рамките на семејството, поделувајќи ги сферите на општествено живеење на „јавни“ и „приватни“ за непречено да го одржува системот на акумулација на вишокот вредност (богатството) преку сопственоста и подјармувањето на жените. Државата и капитализмот немаат интерес во никаков случај да ги разрешат проблемите на угнетување и насилство врз жените, напротив имаат интерес тие односи да ги засилат. Некогаш под притисокот на прогресивните струи во општеството тие „отстапуваат“ само преку промена на формата на угнетувачките односи, а не и на суштината, само да го смират револтот и угушат отпорот против угнетувањето и експлоатацијата.

Успешното ослободување на работничката класа и класната борба се неодвоив дел и предуслов за борба против угнетувањето на жените како неизоставен дел и половина од оваа класа. За тоа е неопходна еманципација на жените која е невозможна без еманципацијата на мажите. Еманципацијата на мажите и укинувањето на угнетувачките основи се предуслов за еманципација на жените.

Прифаќањето на жената како рамноправна единка која учествува во сите аспекти на социјалниот живот е предуслов за класната борба и ослободувањето на работничката класа од јаремот на експлоатацијата, а со тоа борбата против сексизмот и угнетувањето на жената е нужно сврзана со интересот на работничката класа за да се ослободи. Имајќи го во предвид тоа, можеме слободно да кажеме дека поддршката на реакционерни појави како сексизмот и толерирањето на сексуалното вознемирување и насилство врз жените се против интересот на работничката класа.

Потребна е промена во целокупните општествени односи за ослободување на жените од угнетувачките односи во вакво општество кое е засновано на угнетување и експлоатација. Не можеме да зборуваме за ослободување од угнетувањето без да зборуваме за укинувањето на овој систем и неговите односи. Државата и владеачката класа имаат интерес да ги одржат постојаните односи како и експлоатацијата, па затоа нема да направат ништо суштинско за решавање на овој проблем. Да се очекува од нив тоа да го решат во рамки на овој систем е како да се бара решавање на последиците, а не на причините, нема тоа да ги реши горливите проблеми за жените во ова општество, мора да се бориме за целосна еманципација и ослободување на жените, ништо помалку од тоа не е доволно.

Не помалку важно, напротив, од исклучителна важност за воспоставување на социјалистичко општество е ослободувањето на жената. Не можеме да зборуваме за




социјалистичко општество, ако не зборуваме за укинување на класното општество, а тоа е изградено врз поделбата на трудот. Социјализмот е невозможен без укинување на поделбата на трудот, а со тоа и укинување на материјалните услови за угнетување на жената.Работничката класа нема интерес од задржување на постојните односи во општеството и нејзиниот интерес е поврзан со еманципацијата и ослободувањето на жената.

Ниту една од девојките кои направиле експлицитни фотографии не носи вина и не заслужува да биде малтретирана. Голотијата не е неморална и е избор на личноста, тоа што некоја девојка одлучила да направи слика каде е гола не значи дека дала право на оној кому ја испратила да ја третира неа како негова сопственост. Објавувањето без нејзина согласност е злосторство и како такво тоа мора да се третира. Морализацијата и поимањето низ морална призма единствено служи за понатамошно угнетување на жените. „Моралноста" не е прашање на објективен суд туку на воспоставени угнетувачки односи во општеството, тоа е само во функција на оправдување на угнетувањето. „Моралноста" на жртвите  не смее да биде никакво оправдување или аргумент за сексуално вознемирување, насилство или силување. Не станува збор за тоа „дали сама си го барала", станува збор за тоа дека некој под изговор дека „сама си го барала" врши злосторства кои државата и општеството одбира да ги игнорира. Кај ниту една од жртвите нема ни трошка вина, виновни се манијаците во групата и мора да одговараат за тоа!

Ние како марксисти сметаме дека секој треба да има право да прави што сака со сопственото тело, а тоа не им дава за право на мажите ниту да вознемируваат, ниту да злоупотребуваат ни да силуваат. Како комунисти ние стоиме на страната на жртвите и сметаме дека сексуалното вознемирување и силување се сериозен проблем на ова општество и како таков се бориме против него. Ние бараме сите членови кои објавиле фотографии на групата "Јавна Соба" да бидат казнети.

Ваквите појави не се исклучок туку правило во капитализмот како класно општество. Како што е кажано погоре, капитализмот перпетуира вредности кои промовираат сексизам и насилство врз жените, затоа што на тој начин ја дели работничката класа и си овозможува суперексплоатација на одредени слоеви,во случајот жените кои се пола од човештвото. Единственото нешто кое ни дава можност да се избориме за свет во кои мажите и жените ќе ги надминат овие вакви подметувања и шиканирања е класната борба, која ќе ги сруши сите постоечки бариери помеѓу мажите и жените кои ги воспоставило класното општество, така што ќе воспостави комунистичко општество кое ќе биде во интерес а сите, место на мал број кој сите нас не експлоатира.

*април 2021, А. Славевска и Н. Славевски*

# ХАОСОТ НА МАКЕДОНСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## „Неутрално образование“

На почетокот на оваа кратка анализа за реформата на македонското основно образование најпрво ќе укажеме на една заблуда која постојано се појавуваво јавноста, тоа е заблудата за независно или аполитично образованието, за образованието надвор од политичкото. Педагогијата по своја природа е инхерентно политичка, сета теорија на образование е непосредно поврзана со идеологијата и моделирана од страна на класниот интерес, историјата и доминантната културата. Па така обидите за независно или аполитично образование се депласирани и парадоксални обиди, кои одат наспроти самата природа на педагогијата и се насочени кон формулирање на некаква апстрактна педагогија која не би се однесувала на конкретни околности, конкретно време и која не би била наменета за конкретни луѓе.

Оттука се наметнува ставот дека замислата, средствата и исходите наобразовниот процес се пред сè политички детерминирани. Образованието во капитализмот, затоа не го гледаме како на процес на развивање на критички дух, креативност и барање на слобода, напротив, тоа е процес што се води од општествените интереси на капиталистичката класа. Со други зборови, буржоаската држава со својот апарат ќе развие таков образовен систем што е погоден за 1) претставување на идеите на владејачката класа и елита како на нормални, општи и вечни, а секое критичко испитување како ненормално,назадно или утописко, неретко и екстремистичко 2) уцврстување на класните привилегии на локалната буржоазија, со своите локални карактеристики, како и врамување на местото на децата, идните работници, во тој систем но и 3) развивање на производните сили, преку усвојување на вештини, знаења, технологии, со цел натпревар на локалниот и меѓународниот пазар.

Но, исто како што владеачката класа го користи образованието за зацврстување на сопствената позиција на моќ и перпетуирање на класното и културното угнетување на работничката класа, образованието може да биде и алатка за ослободување и критичко согледување на сегашноста и историјата што ја произвела таа сегашност. Следствено, не треба да зачудува фактот што токму на полето на педагогијата доаѓаат во колизија различните класни интереси во општеството. Образованието, според тоа е дијалектичко, тоа е систем којштo ќе ги раѓа копачите на гробот на капитализмот, не само со создавање на нови генерации на деца, работници, што ќе пружаат политички отпор и ќе се организираат, но и нови генерации што ќе имаат полн капацитет за изградба на бескласен систем, надминувајќи ги тесните граници на националните држави и приватната сопственост.

“Материјалистичкото учење за тоа дека луѓето се производи на околностите и на воспитанието, и дека според тоа, изменетите луѓе се производи на други околности и на изменето воспитание, заборава дека токму луѓето ги менуваат околностите и дека и самиот воспитувач мора да биде воспитуван. Отаде тоа нужно доаѓа дотаму да го разделува општеството на два дела од кои едниот е издигнат над општеството... Совпаѓањето на промената на околностите и на човечката дејност може да биде разгледано и рационално сфатено само како револуционерна практика”[1]

Многу е погрешно да се претпоставува образованието како еднонасочна улица на индоктринација на елитите. Образованието во капитализмот може и мора да биде поле на судир на класите. Просветните работници не се неми букви во овој систем, ниту пак работничкото семејство или политичките организации на трудот. Борбата околу педагошката практика во училишниот систем претставува рефлексија на политичката и социјална борба во општеството. Борбата да се создаде демократски едукативен систем е тесно

1 Карл МАРКС, Фридрих ЕНГЕЛС, *„Германската идеологија“* прев. Драгица Старделов, Георги Старделов, *Скопје*, Комунист, 1989, стр. 6

поврзана со борбата за социјалистички промени во општеството. Како и да е, исходот на класната борба во образованието е сличен со исходот на таа борба и во другите елементи на општеството, како културата, уметноста, здравството и сл.

## Образовниот систем во Македонија

За состојбата во образованието можеме да кажеме дека се со долгорочна насока на уназадување следејќи неколку клучни параметри, како перформанси на учениците и студентите, преку формални меѓународни тестови, за неспособноста за спроведување на државна матура, за хиперинфлацијата на оценките, за нехомогеноста на реализираните наставни планови и програми низ републиката и големата поделба село град, како и периферија Скопје, за релативниот пад на платите на професорите и наставниците и немањето иницијатива, за недоволниот кадар по квантитет и квалитет во градинките, за неспособноста за спроведување на Кембриџ и друга меѓународна програма за основното и средното образование, за зачмаеноста на Бирото за развој на образование, за погрешно разбраниот поим на интеграција во образованието, за етничките бариери кои се појавуваат во овој систем, за корупцијата во јавното образование и елитизмот на приватните школи, за плагијаторството, па конечно за неспособноста да се прилагоди целиот систем кон современите потреби и барања на децата и младината. На кратко, потребни се итни промени,но потребни се суштински реформи, а образованието е премногу значајно за да биде оставено на бирократите од МОН.

Ако се согласуваме дека се потребни суштински реформи, а не замачкување со квазикембриџ, т.е. коруптивни циркузантски зафати, да нагласиме што значи тоа суштина на образованието. Тука лежи одговорот на прашањето коешто не сакаме да го изгубиме од вид. Комунистите образованието во капитализмот го гледаат како дел од општествената надградба, како елемент на владејачката иделогија чија основна цел е продукција и репродукција на поедноставени и погрешни идеи, на илузии, што имаат за цел да го оправдаат системот на класна




Извор: zdravstvo.mk

поделба и да го претстават правото на приватната сопственост над средствата за производство како на вечни, општочовечки права. Затоа целта на комунистите е укинување и надминување на таквата „едукативна" практика чија основна функција е адаптација и пасивизација на учениците кон опресирачката стварност.[2]

*„Ученикот не е сад што треба да се наполни туку факел што треба да се запали"* – Плутарх

## За контрареформите и мотивите за уназадување на образованието

По рушењето на владата на Груевски, почна процес на воспоставување на власта на Заев што се одвиваше и сè уште се одвива со две тенденции; првата тенденција е притисокот на народните маси, на работниците, младината и осиромашената средна класа што гласаше за промени, а втората е притисокот на капиталистите, империјалистичките сили и домашните компрадори. И двете тенденции, спротивно насочени, имаат намера стабилизација на режим, првата преку реформски зафати, задачи на реформизмот како прогресивен данок наместо постојниот рамен данок или оданочување на профитите, зголемување на јавната потрошувачка со програми во образованието, здравството, културата, поголем

2 https://www.marxist.com/vygotsky-marxist-psychology120401.htm

животен стандард и поздрава човекова околина, нешто што социјалдемократијата го прокламира. Но втората тенденција е преку стабилна монетарна политика, преку поволности за инвеститорите и олеснување во бирократскиот лавиринт за домашните и странски газди, одржување на митот за „рајот за странските директни инвестиции" со други зборови она што го одржуваше претходниот режим на власт, да се зацврсти владеачката коалиција. Втората, буржоаската тенденција во изминативе 4 години е недвосмисленопобедоносна на секое поле.

Реформите на капитализмот, како политики на обликување за подобрување на животниот стандард на работниците во рамки на системот, се добредојдени од страна на комунистите, доколку го пореметуваат „статус квото" и го поместуваат тежиштето на јавниот фокус врз прашањата на социјалните проблеми на работниците. Но, кај нас, реформите како концепција во изминатите декади се оддалечија од своето изворно значење како политика на подобрување за мнозинството, и се дојде до преобразба во поимањето на реформите, коишто политичката елита сега ги толкува како политика на промена не во интерес на угнетените, туку на угнетувачите. Овие **контрареформи** се стандарните политики на владејачката класа и затоа е потребно да се пристапи на испитување на мотивите и исходот на „реформите" – за чии интереси се прават.

Реформите во образованието се следна тема на режимот на Заев во којшто тој треба да изгуби во спроведувањето, слично како со неуспехот со реформата на даночниот систем или неработната недела или бесплатното здравство или било што во интерес на угнетените. Но овој неуспех, да се потсетиме режимот на Заев не го плати со детронизација, туку со чистка на реформистите и политичките идеалисти од своите редови, со зголемена моќ на бирократите, со пасивизација или редукција на т.н. невладин сектор и со интеграција на повеќе политички струи под своја капа, како чекор кон зајакнување на ситниот бонапартизам во македонски услови. Не станува за завера или намерно политиканство, но очекуваме дека најавената огромна реформа во образовниот систем и нема да се спроведе. Ова ќе го докажеме со неколку параметри.

Првиот аспект, што искрено е најслаб аргумент во нашата теза, е претставувањето на самата **концепција во јавноста**, во професионалната и пошироката јавност. Професионалните здруженија, синдикати на просветните работници, како и поединци на нож го пречекаа предлогот на министерката Царовска. Министерката успеа да најде дузина провладини наставници во целата држава кои застанаат зад проектот. Новата концепција, што можеме да ја прочитаме слободно на сајтот на МОН, заличува на проектна задача на некоја невладина организација што добива грантови. Овој текст изобилува со накитен, бароken стил на изразување во кој елементрарните одредници, бенчмаркови, се просто отсутни. Контрадикторни ставови и елементарно непознавање на педагогија, на пример, со тоа дека наставната програма треба да е флексибилна, упатува на тоа дека авторите на трудов немаат идентична визија, а уште помалку серија цели пред себе за остварување. Внимавајте, станува збор за педагози кои треба да обучуваат во принцип наставен кадар, а тие самите се заплеткале без јасно поставена главна цел, јасно поставена методологија на евалуација или вреднување на целите, без ресурси потребни за МОН, БРО до просветните работници, без трошоци или ризици, без транзиторен период. Иако овој непрофесионален игнорантски приод не треба да не чуди, изненадува фактот што степенот на непрофесионализам е комичен.

Вториот параметар за оценка е вклученоста на **Педагошкиот факултет**, како и сите останати високообразовни јавни институции што е јасно дека е сведена на нула. Се разбира, ова „дувло" на конзервативни сфаќања во најлош случај, а во најдобар случај принцези и принцеви што живеат во високите кули над облаците, ќе биде против новата концепција, но тоа исто дувло образува „војници што треба да гинат" за работата. Наместо непријателска офанзива против педагозитеи учителите на наставниците министерката Царовска требаше да организира барем куртоазна дипломатска средба. Вака изгледа како Царовска има желба да биде великомаченичка која храбро ја изгубила

битката.

Далеку од тоа дека Царовска е револуционер, таа мораше да знае дека за да победи потребни и се сојузници во педагошките институти, професионалните здруженија, а како искусна невладина организаторка, и во синдикатите на просветните работници. Спротивно на тоа, таа успеа за кратко време од сите да направи непријатели, ускратувајќи им го правото на дебата, наметнувајќи решенија, **игнорајќи ги сите критички мислења и инфантилизирајќи ги наставниците**. Овој трет аспект е најзначаен за да се создаде простор каде ќе се спроведат промените.

Дополнителен параметар со кој ја поткрепуваметезатадекавистинскиреформинема да има, е постојаната референција кон Финска. Повторно, погрешно поимајќи го образовниот процес како апсолутно независен од социјалната и политичка реалност, на министерката и дозволува финското образование да ѝ стане компатибилно со македонската реалност. Без друго, платите на финските колеги, училиштата, училниците и лабораториите не можат ни да ги сонуваат нашите наставници или ученици, а не пак да се насока на движење. Дополнително, на оваа недоследност и неискреност брзо стигна шлаканица и од финското здружение со кое се демантираат новините во образованието дека потекнуваат од финскиот модел.

Несреќниот социјалдемократ Тевдовски постојано реферираше на Данска, во секој можен случај, и ова е еден децениски трик на владејачката класа со **илузијата за европеизација**, што длабоко е всадена во мислите на работничката класа во Македонија. Оваа илузија во екот на кризата со КОВИД-19 доживува демаскирање, каде алчноста, себичноста, но и неспособноста на бирократијата на ЕУ ја освестува угнетената класа и ја прави сомничава на илузијата на европеизација, евроатланска интеграција и конечно вербата во граѓанското општество.

Во оваа прва фаза во којашто е издадена програмата за првото одделение меѓу другите иновативни глупости е воведувањето на Блумовата таксономија за вреднување на успехот на учениците. (Види Новата концепција стигна до реализација: БРО ги подготви наставните програми за првоодделенците *https://360stepeni.mk/novata-kontseptsija-stig-na-do-realizatsija-bro-gi-podgotvi-nastavnite-programi-za-prvooddelentsite/*)

Инаку Блумовата таксономија, таа редовна злоупотребена алатка на секој образован едукатор, создадена е пред повеќе од половина век со хиерархиска поделба на нивоа на учење што не е заснована на систематска анализа на конструкцијата. Овие нивоа се потенцирани во погрешната форма во дописот



*Извор: 24.mk*

од Бирото за застој во образованието. Овие стручњаци заглавени во минатото не ни прочитале дека овој приод е контрадикторен со приодот на МОН (т.е. новата концепција) што требаше да биде ориениран на учење на основа за задачи (problem-based learning) што би се рекло, мултидисциплинарен и интердисциплинарен приод. Едукаторите, посебно тие во основните училиште знаат дека оваа таксономија на Блум е критикувана и има нашироко погрешна примена во педагошката практика. И ова да се протуркува како нова концепција е трагично.

Многу контрадикторности и во пишаните документи, и во контактите со јавноста, таа стручна, но и со родителите. Многу голема збрка

каде инволвираноста на локалната самоуправа и советот на родители е декларативна, а се спроведува авторитарна чистка и пасивизација на родителите во учеството на иднината на нивните деца.

Можеме да напомeнеме дека Министерството за образование и наука е упорно и во оваа најдлабока криза со намерата да ја спроведе најголема реформа во образованието од времето на Стипе Шувар во 1980тите. Првиот бран на реформи ќе бидат во прво и четврто одделение, а штом ќе се изготват наставни програми ќе се премине на издавање на учебници. Изготвена е акциска програма за обука на 3 илјади наставници до септември оваа година. И слично како и во невладиниот сектор, обуките на далечина би требало да дадат доволно знаење и вештини со кои ќе се кројат судбините на децата. Но, дали ќе се креира паралелен систем на контрола на обучените наставници? Дали викенд семинарите ќе заменат факултетско образование? Секако дека овие трикови водат кон разочарување, затоа што наставниците и порано беа носени на вакви обуки без резултат. Ефектите од спроведувањето не се краткорочни и би се мереле со декади.

Прогноза е тешко да се даде, но најверојатно, новиот бран на печатење на учебници ќе го мотивира малку секторот на издаваштво. Се предвидува голем број учебници да бидат во електронска форма, веројатно без да се размисли на семејствата кои немаат пари да обезбедат компјутер со стабилна интернет врска за секое свое дете.

**Операцијата успешна, пациентот мртов**

Операцијата што ја изведува сегашната министерка Царовска со протуркување на еден контрадикторен модел на севкупно образование, ќе биде изведена во повеќе фази и ќе наиде на поддршка од неспособната бирократија поради флексибилна природа на самата контрареформа. Едукаторите, просветните работници, ќе бидат изложени на различни притисоци да ја пропагираат реформата како успешна затоа што МОН и нивната верна екипа успеале да издадат нови учебници, затоа што истата таа мрежа на учебникари, приватни издавачи и миленици на СДСМ-ДУИ, организирале семинари и тренинг курсеви, и конечно затоа што по година учениците и ќе добијат сведителства. Вистинската реформа, онаа потребната, онаа во интерес на најширокиот слој ученици, нема да се спроведува, а резултатите од немањето суштинска реформа ќе можат да се вреднуваат во долго по истекот на мандатот на актуелната политичка гарнитура. Она што ни се случува во доменот на економијата е како пресликано во детали во полето на образованието. Една каша на добри намери, еклектични концепции, замисли коишто немаат материјална база да се остварат, една слепа верба во некакви „европски стандарди". Но, нема никој од елитите да одговори искрено и чесно на фундаменталното прашање: Зошто од успешно образование, коешто беше врвно во светски рамки, каде се создаваат професионалци, кадри да бидат способни и во социјалните, хуманитаристичките, природните науки и техниката и технологијата, медицината и др. се доби неуспешно образавание, што генерира неспособни индивидуи, некомпетентни и некомпетативни и на светско и потесно на балканско ниво? Одговорот е едноставен, нека не се лажеме, а гласи, затоа што не се вложуваат доволно средства, материјални и финансиски средства. Затоа што државата нема интерес и капацитет да вложува во „човекот, како највисока вредност" туку треба да создаде доволно трениран или квалификуван „човечки ресурс" што ќе биде искористен во процесот на вадење на профитот од неговиот живот. Овој процес на дехуманизација, на умртвување на човекот, сфатен како сеопфатно развиен и активен создавач на својата иднина како битиево единство со општеството и природата околу него, е несвесен, спонтан, а сепак системски, и тој процес можеме да го спречиме само со освестување за неговата суштина, со поврзување на сите мали работи во една неконтрадикторна целина. Да ја парафразираме 11 теза за Фоербах од Маркс, да се застане на патот на дехуманизацијата значи да се стане политичко битие кое нема само да го толкува туку и ќе го измени светот.

*април 2021, Алек Атевиќ и Петар Чуриќ*

## КАКО ДИГИТАЛНИТЕ ВАЛУТИ БИ МОЖЕЛЕ ДА МУ ПОМОГНАТ НА ЧОВЕШТВОТО – И ЗОШТО НЕМА

*Во 2008 година, Сатоши Накамото ја направи првата дигитална трансакција со биткоин со ископување (мајнинг) на таканаречениот блок генеза. Ова требаше да биде почеток на новата ера за пари и системите за плаќање, но приказната не продолжи според оригиналните цели на псевдонимниот творец на биткоин. Дигиталните валути навистина имаат потенцијал да го променат економскиот пејзаж. Проблемот е што, под капиталистички услови, тие нема да се користат за помош на обични луѓе туку на банкарите кои профитираат. Белешка: оваа статија е напишана во декември 2020 година.*

### Криптовалути: детска болест

Иако нивниот успех се должи главно на блокчејн технологиите, дигиталните валути постојат веќе некое време. Како што предвидоа марксистите[1], нивниот потенцијал за промена на системот на плаќање не се реализира, бидејќи овие технологии не беа воведени како дел од генерален план за развој на економијата во интерес на целото население, туку повеќе за да се зголемат профитите на малкутемина. Како резултат, тие станаа само уште еден финансиски меур.

По врвот во јануари 2018 година, пазарната капитализација на овие средства пропадна. По некое време тие доживеаја закрепнување, како и во секој класичен финансиски меур. Неодамна, нивната вредност рапидно порасна, како и кај другите финансиски средства, благодарение на помошта од централните банки. На пример, индексот Дау Џоунс во последните шест месеци порасна околу 20 проценти.

Подемите и падовите на криптовалутите не ја менуваат нивната економска улога, напротив, тие ја зацементираат. Причината зошто биткоинот и сличните средства никогаш немале шанса да ги заменат обичните валути не е технолошка туку економска и социјална. Парите не се, како во бајковитиот свет на мејнстрим економијата, технички уред откриен за олеснување на бартер размената туку социјален однос помеѓу класите, а особено помеѓу работната сила (работниците) и сопствениците на средствата за производство (капиталисти). Овој однос е основно ткиво на производниот систем, затоа неговата одбрана е најсветата должност на буржоаските институции, од централната банка до армијата.

Биткоин проектот, создаден од следбеници на анархо-капиталистички идеи, требаше да се вклучи по 2008 година. Неговите креатори веруваа дека глобалната финансиска криза и последователната државна интервенција ќе ја уништат вредноста на официјалните валути. Тие сметаа, во согласност со детинската монетаристичка мудрост, дека бидејќи централните банки создаваат многу пари, автоматски инфлацијата астрономски ќе се зголеми за неколку месеци. Ова би ги натерало луѓето да се откажат од доларите, еврата и златото и биткоините.

Се чинеше дека стариот сон на Хајек за денационализација (т.е. приватизација) на парите станува реалност. Ова не се случи, а биткоинот остана да виси на работ од обичната економија. Фактот дека бројот на дигитални валути се зголеми, од десетици на илјадници, парадоксално потврди дека ниту една од нив не беше во можност да стане вистинска валута.

Непосреден фактор зад неуспехот на криптовалутите беше нивната нестабилност. На пример, биткоинот ја зголеми својата цена 20 пати во 2017 година. Парите треба да бидат стабилни за да се дозволи нивно користење

1 https://www.marxist.com/bitcoin-utopian-reflection-of-capitalist-nightmare.htm




како единица за размена и сметководство, во спротивно се бескорисни како **пари** (дури и ако може да се користат како финансиско средство, меѓу другото). Исто така не помага фактот дека ископувањето на еден биткоин трае со денови и денови на постојано работење на стотици илјади многу моќни компјутери, со што се троши огромна количина енергија, веќе надминувајќи го целото производство на Швајцарија во 2019 година. Финансиски шпекулации што трошат енергија колку земја со скоро 9 милиони луѓе е самата дефиниција за капиталистички отпад.

Судбината на криптовалутите укажа и на подлабока поента: капитализмот е нестабилен систем. Дури и без поголеми кризи, како што е глобалната финансиска криза во 2008 година или пандемија, потребни се бесконечни државни интервенции за да се справат со неговите нестабилни карактеристики и да им се помогне на капиталистите да ја контролираат ситуацијата. Во научно-фантастичниот свет на криптовалутите, доволно беше да се елиминира човечката интервенција и да се остави софтверот да ја заврши целата работа за да се реши проблемот. Реалноста болно ја разби оваа инфантилна илузија.

## Неизвесен компромис: стејблкоин и Либра

Криптовалутите како биткоинот никогаш немале шанса да станат широко прифатени од фирмите и домаќинствата како платежно средство за едноставниот факт дека тие се премногу нестабилни за да овозможат размена на стоки. Покрај тоа, владите и централните банки не беа подготвени да се одречат од својата контрола врз валутата, што е витален аспект на економската регулатива. Силните валути доаѓаат од силната економија, но исто така и обратно.

Сепак, дигиталните валути на многумина им изгледаа како одлична идеја. Се појави нова генерација на дигитални валути: т.н. **стејблкоини** (stablecoins). Нивната технологија е слична на технологијата на традиционалните криптовалути, со тоа што тие дополнително содржат механизам за стабилизација. Нивната вредност е поврзана со традиционална валута или транша од традиционални валути (метод наречен колатерализација) што ги прави стејблкоин слични на типичен монетарен взаемен фонд, составен од краткорочни средства во долари, евра и така натаму. Стејблкоини ветуваат (иако ова не

е законски обврзувачко) конвертибилност со доларот или другите валути и ова им овозможува да бидат далеку постабилни од биткоинот. Но, и покрај целата нивна стабилност, оваа нова генерација на крипто-валути не бележеше голем успех ниту како алтернативна валута, сè додека на транша валути. Отпрвин, (нејасната) идеја беше да се има половина вредност заснована на доларите, а половина на јенот, еврото, фунтата и другите помали валути.

Иако Либра отпрво беше поддржана од силни имиња, како Виза, Мастеркард и Водафон, не настапи Фејсбук.




***Извор: Anthony Quintano***

Кога, во јуни 2019 година, Фејсбук и други големи компании го претставија Здружението Либра, веднаш стана јасно дека светот на дигиталните валути се менува засекогаш. Здружението објави бележник: „Вовед во Либра“, што беше пример за корпоративно лицемерие. Промоторите му објаснија на светот дека ја воведуваат првата, стабилна светска валута од хуманитарни причини. Всушност, тие забележаа: „големи делови од светската популација сè уште се оставени зад себе - 1,7 милијарди возрасни лица на глобално ниво остануваат надвор од финансискиот систем без пристап до традиционална банка“. За да им помогнат на сиромашните да пристапат до евтини и сигурни финансиски услуги, Фејсбук и останатите и ја понудија Либра на планетата. За да стане глобален стејблкоин, новата валута се засноваше брзо стана јасно дека проектот не оди никаде. Непосредната причина беше што владите и централните банки не сакаа да му дадат на приватниот проект таква моќ над светскиот монетарен систем. Згора на тоа, имајќи предвид дека Фејсбук имаше долга историја на целосна рамнодушност за прашањата на приватноста, исто така беше очигледно дека финансиските податоци на сите што користат Либра ќе бидат продадени на највисокиот понудувач.

Традиционалните банки исто така не беа многу задоволни кога видоа нови конкуренти како ги јадат нивните приходи од платните системи што генерираат околу 2.000 милијарди долари годишно. Покрај сето ова, овој настан беше шанса за одмазда за сите скандали во кои Фејсбук учествуваше досега. За време на неговото сослушување есента 2019 година во Американскиот Сенат, Марк Закерберг,

извршен директор на Фејсбук, беше остро нападнат од многу членови на Конгресот, кои ја искористија шансата грубо да го потсетат на сите минати лоши однесувања на неговата компанија. Исто така, имаше замерки од страна на финансиските регулатори за недостаток на безбедност во проектот, во смисла на перење пари и регулирање на приватноста.

Бранот критичари ја принудија Либра да се повлече. По некое време, Здружението најави драстично намалување на обемот на проектот, додека многу високи членови го напуштаа. Во април 2020 година излезе нова верзија на бележникот. Главната разлика со оригиналниот проект е што Либра сега е предложена како национален стејблкоин. Со други зборови, Либра веќе не беше замислена како единствена глобална валута, туку како дигитална верзија на доларот, еврото итн., поддржана од фонд со средства деноминирани во таа валута. Здружението, исто така, даде многу скромни забелешки за тоа како е подготвено да соработува со финансиските регулатори. Сега е малку веројатно дека Либра ќе ја види светлината на денот во блиската иднина.

## Созревање: дигитални валути на централната банка

Додека Либра беше повторно стартувана како втор ПејПал, владите и централните банки започнаа да разговараат за иднината на јавните дигитални валути.

Иако централните банки во минатото имаа дискутирано околу проекти за дигитални валути, како „Динеро електронико" на Централната банка на Еквадор во 2014 година, овие проекти беа неуспешни. Либра ја смена околината. Додека Здружението ги реорганизираше своите идеи, меѓународните финансиски регулатори издадоа голем број документи за стејблкоин и дигитални валути. На пример, во април 2020 година, Одборот за финансиска стабилност ги повика владите, централните банки и финансиските регулатори да се соочат со предизвикот на дигиталните валути и особено на глобалните стејблкоин. Дури и ако ниту една од нив не е издвоена во документот, јасно е дека документот на Одборот беше одговор на заканата што ја претставува Либра за глобалната финансиска стабилност.

Иако е точно дека Либра може лесно да се користи за измама и перење пари, тоа не е причината зошто е запрена. Повеќето од постојните размени на криптовалути имаат слаби контроли против перење пари, како и скудни процедури за идентификација. Проблемот беше во обемот на проектот, којшто ризикуваше да го дестабилизира глобалниот финансиски систем (што е веќе многу кревок) и заканата за профитите на постојните банки.

Како резултат на оваа дебата се појави трет вид криптовалута: дигитални валути на централните банки. Проектите се од различни видови, но можеме да се фокусираме на наједноставниот: универзална тековна сметка на централната банка. Централната банка може да создаде тековна сметка за секој поединец и фирма во земјата, така што секоја финансиска интеракција во системот може лесно да се регулира преку книгите на централната банка. Предностите на таквата јавна дигитална валута се очигледни. Како прво, ефикасност: секоја исплата може да се направи брзо и евтино. Нема повеќе готовина, чекови, дебитни картички и слично. Второ, секоја државна исплата кон граѓаните може брзо да ја достигне својата цел. На пример, за време на пандемијата, во Италија и на други места, имаше многу проблеми околу фактот дека надоместоците за невработеност и друга државна помош доцнеа, принудувајќи многу семејства да останат во долг, продолжувајќи со обичните плаќања. Со универзалниот систем на сметки, владите може да плаќаат веднаш и исто така лесно можат да земат пари од сметките на луѓето, како даноци на пример.

Оваа универзална државна банка може да дава заеми и да прима депозити, како и секоја деловна банка. Каматните стапки (позитивните и негативните) на сметките може да ја заменат сегашната форма на монетарна политика. На пример, централната банка може да ги намали каматните стапки на депозитите за да ја поттикне потрошувачката или да ги намали каматните стапки на заемите за да ги поттикне инвестициите.

Конечно, имајќи предвид дека готовината

скоро би исчезнала, сивата и црната економија, која сочинува помеѓу 10 и 30 проценти од економиите на ОЕЦД, ќе биде сериозно погодена. Општо, државата би имала прецизна идеја за паричните текови на секоја фирма во земјата. Се разбира, неверојатниот капацитет на капиталистите да ги заобиколат сопствените закони не би исчезнал, но тие би имале многу повеќе проблеми кога станува збор за бегство од јавните контроли за фискални или кривични законски цели.

Дигитална валута на централната банка би била безбедна и ефективна технологија на новиот систем на плаќање. Всушност, секоја важна централна банка се занимава со некаков проект околу дигитални валути. Сепак, ова во основа е одбранбен потег против Либра и централните банки не се подготвени навистина да создадат универзални банкарски системи.
Не е тешко да се разбере зошто. Дигитална валута на централната банка може да го избрише целиот банкарски систем, кој ќе стане бескорисен преку ноќ. Наместо тоа, централната банка ќе ги понуди профитабилните услуги што ги нудат комерцијалните банки. Зошто некој би останал во комерцијална банка што ги нуди истите услуги со поголема цена? Универзалниот систем на сметки може да се искористи за да се промовира вклучување на најсиромашните и ранливите луѓе, кои сега се исклучени од банкарскиот систем, со намалување на неговата цена. Исто така, би било многу интересно за трговците на мало, кои повеќе нема би биле стиснати од банките.

Со други зборови, бројот на клиенти на деловните банки многу брзо би паднал на речиси нула. Дури и ако системот на универзална сметка нуди само основни финансиски услуги на многу луѓе не им требаат софистицирани финансиски услуги. Ова би значело дека банките ќе изгубат најголем дел од своите депозити, т.е. основниот извор на ликвидност. Нивниот деловен модел би пропаднал. Секоја тајна што банките ја чуваат за своите богати клиенти би им била на располагање на јавните власти. Големите банки, криминалните организации и богатите би добиле поразителен удар од таквата промена и бидејќи тие претставуваат важен дел од владејачката класа, промената нема да дојде сè додека тие се



Извор: Pixabay

на власт.

Буржоаските стратези знаат дека дигиталната валута на централната банка за малопродажба би значела огромна промена, и затоа се плашат од идејата. На пример, неодамнешен документ од Банката на Англија посочува:

*„Пристапот кон ЦБДЦ [дигитална валута на централната банка], каде што Банката на Англија прави сè, без вклучување на приватниот сектор, веројатно нема да ги исполни повеќето наши принципи за дизајн. Таквата ЦБДЦ може да биде еластична, брза и сигурна валута. Но, таа нема да биде отворена за конкуренција, можеби нема да поддржува иновации и нема да биде дизајнирана околу соодветните јаки страни на Банката и приватниот сектор...*

*„Ова намалување на билансот на состојба на банкарскиот сектор е познат како „дезинтермедијација "... Доколку се случи дезинтермедијација во големи размери, тоа или ќе имплицира голем пад на заемите или ќе бара од*




*банките да бараат позајмување значително повеќе од Банката на Англија . Ова може да има длабоки импликации врз структурата на банкарскиот систем и билансот на состојба на Банката“.*

Со други зборови, јавната дигитална валута ќе ја открие бескорисноста на приватниот банкарски систем, принудувајќи ги приватните банки да ја молат централната банка за ликвидност. Непотребно е да се каже, уништувањето на финансискиот капитал не ги исполнува „принципите на дизајн“ на централната банка. Значи, дури и ако бидат принудени да воведат некаква форма на јавна дигитална валута, тие ќе ја ограничат колку што можат, веројатно само на текови меѓу банките.

**Случајот на Кина**

Срамежливоста на империјалистичките земји кон усвојување на дигитална валута на централна банка не е целосно споделена од страна на Народна Република Кина, каде што веќе постојат огромни платежни услуги како вичет (WeChat) и алипеј (Alipay). Ова прашање стана важно борбено поле меѓу државата и приватните големи фирми. Всушност, забраната на повеќето активности за дигитални валути се случи во тандем со истражување за дигитална валута поддржана од државата, иако правилата против дигиталните валути веќе беа во ефект во 2013 година.

Во октомври 2020 година, централната банка предложи нова верзија на „Закон за Народна банка на Кина“, подготвувајќи го пејзажот за јавна дигитална валута. Целите на овој проект се двојни. Внатрешно, целта е да се бранат државните пари од приватните криптовалути и пошироко да се изврши поголема контрола врз приватната буржоазија. Поголема економска улога за државата по пандемијата ќе биде широко распространета, но во Кина ова повлекува жестока борба меѓу државните претпријатија и приватните буржоаски корпорации.

Оваа борба исто така го објаснува сензационалниот неуспех на пазарната флотација на Ант Груп, која ќе беше најголемата понуда на акции во историјата, и беше драматично прекината само два дена пред да започнат зделките во Шангај и Хонг Конг. Можеме да ги игнорираме формалните причини: кинески регулатори се вклучија за да спречат доминантната компанија за плаќање во Кина да стане уште помоќна. Од друга страна, јавната дигитална валута ќе и овозможи на кинеската централна банка да ги следи протоците на пари во толку огромна економија, обезбедувајќи и на владата досега невиден пакет економски податоци.

На меѓународно ниво, јавната дигитална валута има за цел да ја зајакне улогата на јуанот, тоа може да биде „долгоочекуваниот, но недостижен шок што конечно го оддалечува американскиот долар од неговата повеќедецениска доминација во глобалната трговија и финансии“, како забележа главниот економист на ММФ, Гопинат. Станувајќи прва дигитална валута поддржана од државата, јуанот би можел да биде подготвен за кога другите земји ќе решат да се приклучат. Кина ќе може да создаде своја меѓународна архитектура за плаќање,

заснована врз дигиталниот јуан, за сметка на Западните архитектури што се забавени поради противењето на големите банки.

Така, додека Западните централни банки и влади чекаат, за да се избегнат директен судир со финансискиот капитал, Кина може брзо да продолжи со таква иновација. Всушност, Народната банка на Кина веќе воведе пилот-форма на својата дигитална валута во Шенжен, со планови да ја користи во областа на Пекинг за време на Зимските олимписки игри во 2022 година. Во октомври 2020 година, веќе повеќе од три милиони трансакции во вредност од 1,1 милијарда јуани се обработени со користење на дигиталната валута.

### Болшевички пристап кон криптовалутите

Меѓу многуте недостатоци на модерната буржоаска економија, вклучително и нејзините „алтернативни“ насоки, е фактот дека класната природа на државата и на нејзините институции, како централната банка и парите, се целосно игнорирани. Ним не им се дава класна содржина и затоа што класите, според овие теории, дури и не постојат. Ова им овозможува на десничарските економисти да го поддржуваат статус кво, а левичарските економисти да не предлагаат ништо што би било навистина опасно за владејачката класа.

Нивниот став кон парите произлегува од ваквото однесување. Од една страна, го имаме детскиот сон за автоматски стабилизатор на капитализмот. Овие фантазии, или во сферата на „пазарната дисциплина“ во финансиската регулатива или во дигиталниот свет преку криптовалутите, сега се изложени како бескорисни. Од друга страна, имаме чести жалења на кејнзијански економисти: зошто владите не инвестираат повеќе за да ја намалат невработеноста? Зошто не го регулираат финансискиот сектор построго? Поедноставно: зошто владите не му помагаат на населението? Одговорот е очигледен: освен ако не бидат принудени да постапуваат поинаку со масовно движење одоздола, владите ја регулираат економијата само за да ги зголемат профитите на компаниите.

Ова е монетарната и фискалната политика. Без разлика дали станува збор за квантитативно олеснување или за јавни инвестиции, каква и да е формата на државната интервенција, крајната цел е акумулација на богатство во рацете на големиот бизнис, како што видовме со биткоинот. Развојот на дигитални валути не избега од овој образец. Ним им е дозволено да се развиваат колку што се извор на шпекулации и профит. Марксистите одамна забележаа дека капиталистичката економија живее во контрадикција помеѓу прогресивната социјализација на производниот процес и приватната акумулација на нејзините резултати во однос на капиталот и парите. Дигиталните валути се голем чекор напред на овој пат, бидејќи тие ќе овозможат тотална социјализација на производството на многу ефикасен начин. Сепак, илузија е да се мисли дека ова може да се случи во овој сегашен систем.

Непосредно пред да ја предводи болшевичката револуција, Ленин напиша познат памфлет „Доаѓањето на катастрофата и како да се бориме против неа“, каде што предложи суштински мерки за да се овозможи револуцијата да опстане и да излезе како победник. Интересно е што првиот од овие предлози се однесуваше на банките. Ленин предложи „соединување на сите банки во единствена банка и државна контрола над нејзиното работење или национализација на банките“. Тој објасни дека, без контрола на банкарскиот сектор, контролата врз економијата е неизводлива. Преку банките, беше можно да се следат милионите монетарни текови што секој ден го сочинуваат економскиот живот на една земја. Контрола врз банките овозможува и контрола врз „главниот механизам на капиталистичката циркулација [и] ќе овозможи да се организира вистинска и не измислена контрола врз целиот економски живот“. Ленин исто така предложи спојување на сите банки во единствена државна банка, способна да ги преземе клиентите и функциите на поранешните приватни банки и да додаде многу повеќе услуги во смисла на економска регулатива.

Интересно е да се види како предностите што Ленин ги предвиде за ваква мерка се сè уште релевантни и денес. На пример, Ленин



Извор: Pixabay

забележа дека државната банка за масите „ќе биде многу важен чекор кон користењето на банките универзално“: она што сега се нарекува „финансиска инклузија“ - цел што меѓународните институции секогаш ја ставаат лицемерно, па дури и здружението Либра ја спомна во својот проект.

Се разбира, вклучувањето не е само прашање на рекламирање на луѓето за тоа што е банка, поентата е цената на банкарските услуги. Всушност, Ленин продолжува да објаснува дека „достапноста на кредит по лесни услови за малите сопственици... ќе се зголеми неизмерно“. Вистина е дека стапките на заеми се намалија во последните неколку години како резултат на интервенцијата на централните банки за справување со кризата, но не е тешко да се најдат потрошувачки кредити со стапки од 10 проценти или 15 проценти, а во специфични сектори дури и повеќе. На пример, просечната годишна процентна каматна стапка за краткорочните заеми (payday loans) во САД е околу 400 проценти!

Интервенцијата на државна банка би била одлучувачка во спречувањето на економското задушување на сиромашните слоеви на населението кои со пандемијата брзо ќе растат. Покрај тоа, универзалната државна банка би ја ставила владата во позиција да го контролира и регулира економскиот живот, и тоа е причината, како што истакна Ленин, „зошто сите капиталисти, сите буржоаски професори... се подготвени ѕверски да се борат против национализација на банките“.

Ова важи денес за државната дигитална валута.

### Технологијата и капитализмот

Опседнати со потрагата по повеќе профити, фирмите воведуваат нови технологии што ветуваат позитивни промени за населението. Но, ова ветување не може да се исполни се додека нивната цел е да ги зголемат профитите. Развојот на финансиската технологија, т.е. дигитализацијата на банкарството и парите, е прототипен случај.

Дискутиравме за дигиталните валути и за тоа како во сегашната ситуација, големите

технолшки компании ќе ги користат за да ја зацврстат контролата врз светската економија и потрошувачите. Гигантскиот проток на информации и неговата експлоатација од страна на алгоритмите на вештачка интелигенција може да биде основа за детално и успешно економско планирање од светски размери. Засега, тие само ги придвижуваат профитите на големите технолошки компании до небесите.

Слика Дигиталните валути потврдуваат дека светот го надживеа капитализмот, но не основа на овој систем тие само ќе ги збогатат богатите

Друг пример се паметните договори (смарт-договор). Идејата за дигитален договор веќе постоеше, но стана лесна за креирање со блокчејн технологиите. Логиката на паметниот договор е слична на криптовалутата: софтверот ги заменува човечките постапки. Ова е ефикасен чекор напред, но во сегашни услови е корисен само за финансискиот капитал.

Да дадеме пример. Банка склучува договор за заем со клиент за купување на автомобил врз основа на блокчејн паметен договор. Сопственоста на автомобилот е регулирана со паметен договор заснован на блокчејн технологија што овозможува, доколку должникот прескокне плаќање на рата, блокирање на работата на возилото. По, на пример, доцнење на три рати, следува автоматска промена во сопственоста на автомобилот на заемодавателот. Со избегнување на трошоците и времето поврзано со вообичаените административни процедури (писма за повици, заплена, регистрација на новиот имот во јавниот регистар и сл.), сè би се работело веднаш и без трошоци.

Кој би имал корист од овие договори? Паметни договори од овој тип, спречувајќи проценка на случајот од јавна трета страна, како што е судија, значат дека послабата договорна страна (којашто помеѓу банката и потрошувачот, очигледно е потрошувачот) никогаш не би можела да го изнесе своето образложение. Автомобилите, куќите и сè друго може да ги преземат банките во еден момент, без можност да се разговара за случајот. Уште еднаш, во капиталистичката економија, „паметноста“ на ваквото решение, коешто е навистина ефикасно, има корист само за една страна: капиталистите.

Универзалниот систем на сметководство заснован на дигитална валута ќе ги направи системот на плаќање и економското планирање многу ефикасни, а вештачката интелигенција ќе овозможи прецизно регулирање на производниот систем. Но, според сегашниот систем, тие ќе служат само за безобразната цел да ги направат Закерберг и сличните на него побогати.

Дигиталните валути потврдуваат дека светот го надмина капитализмот. Неделникот „Економист“ неодамна забележа дека реалниот ризик на овие валути врз финансискиот систем „може да биде тоа што на крајот ќе предизвикаат силно паѓање на нов вид на управување: идејата дека банките воопшто треба да постојат“ - или на капитализмот како целина, може да додадеме.

*февруари 2021, Лука Ломбарди*
*певод: Александар Јанковски*






## ПРИКЛУЧИ СЕ!

Марксистичката организација „Црвени“ е југословенска организација на работници и студенти собрани околу идеите за марксизмот. Нашата цел е да изградиме работничка партија, со комунистичка агенда за воспоставување власт на работничката класа, што го сочинува огромното мнозинство од населението на секое модерно општество. Црвените имаат два официјални билтени: списанието „Црвена критика“, на српско-хрватски, и веб-страницата „Нова искра“, на македонски. Во моментов имаме филијали во Босна и Херцеговина, Србија и Македонија.

Доколку сакаш да учествуваш во градењето на силите на марксизмот и работничката класа и сакаш да придонесеш за борбата на сопствената класа и изградбата на нов похуман свет, свет на еднакви луѓе, свет без експлоатација и угнетување, приклучи се на „Црвени“!

**Можеш да ни се приклучиш на било кој од следниве начини:**

Да не контактираш на некој од следните броеви:

**075/520-508**
**075/629-809**

На мејлот на „Црвени“:
**mo.crveni.mk@gmail.com**

На фејцбук страната на Нова Искра или на „Црвени“:

**@novaiskra.page**
**@m.o.crveni**

На контакт формата на вебсајтот:
**http://novaiskra.mk/**

*Капитализмот се покажа како антихуманистички систем, во кој сите слободи се жртвуваат на слободниот пазар и кој не познава други општествени интереси освен интересите на шака сопственици на крупниот капитал. Од секојдневниот живот е јасно дека во капитализмот на огромното мнозинство луѓе им следува само мизерија и робување на „работодавците“ заради обично преживување. Нема причина било кој работен човек да се согласи на такво нешто. Поинакво општество е можно и неопходно!*

**ЗА РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА – ПРОТИВ КАПИТАЛИЗМОТ!**

novaiskra.page novaiskra.mk

НОВА ИСКРА